МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

,,КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО‘‘

СТУДЕНТ: ЕЛЕНА СВЕНЧЕВА
БРОЈ НА ИНДЕКС: М217006
МЕНТОР: ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

Битола, 2023

АПСТРАКТ

Здравјето на луѓето кое е загарантирано со Устав кај нас е заштитено и со 13 члена во Кривичниот законик. Посебно до израз доаѓа денешната ситуација во која се наоѓаме, а тоа е пандемијата со корона вирусот која е нешто ново за сите нас и која отвара многу дилеми, почнувајќи од тоа како да се заштитиме самите, како да ги заштитиме другите и дали вакцинацијата против овој вирус е вистинското решение или не. Секоја држава пропишува свои правила, донесува одлуки, наредби за спречување и заштита од овој вирус. Овие правила и прописи влијаат, условно кажано, на редовните пациенти кои имаат здравствени проблеми од порано, многу пред да се прогласи глобалната пандемија. Сега посебно е важно да ги разбереме членовите од Кривичниот законик, а тоа се ,,пренесување заразна болест‘‘ и ,,непостапување според здравствените прописи за време на епидемија‘‘. Од моменталната ситуација се појавија и многу прашања и се ,,допре‘‘ и до други членови од Кривичниот законик како што се ,,несовесно лекување на болни‘‘, и ,,неукажување медицинска помош‘‘. Дали лекарите даваат се од себе или ја ,,користат‘‘ моменталната ситуација и несовесно ја вршат својата дејност. Ова се дел од причините поради кои ја одбрав баш оваа тема и токму оваа тема побуди интерес кај мене да истражувам за поврзаноста на медицината и правото.

Клучни зборови: кривични дела, здравјето на луѓето, Законик, инкриминација, пропусти, грешки, злоупотреба, лекарски грешки, Медицинско право

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ

Клучни зборови

ВОВЕД.....1

I КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО.....3

1.Етиологија и феноменологија на кривичните дела против здравјето на луѓето.....3

2. Пренесување заразна болест и Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија чл. 5

2.1.Пренесување на заразна болест и непостапување според здравствени прописи во време на епидемија, во време на Ковид 19.....18

3.Несвесно лекување на болни 21

3.1. Суштината на лекарската грешка.....24

3.2.Дејствие на извршувањето на делото.....25

3.3. Утврдување на одговорност и казнување.....26

3.3. Медицинско право и лекарска грешка.....26

4. Неукажување медицинска помош.....28

5. Надрилекарство.....30

6. Недопуштено пресадување на делови од човечко тело.....34

7.Несовесно вршење аптотекарска дејност.....39

8.Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување.....45

9. Производство и пуштање во промет штетни прехрамбени и други продукти.....51

10. Несовесно вршење преглед на месо за исхрана.....54

11. Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.....55

12.Овозможување на употреба на наркотични дроги.....61

13. Тешки дела против здравјето на луѓето.....65

II АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПРИЈАВЕНИ, ОБВИНЕТИ И ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВЕЌЕ КРИТЕРИУМИ ВО ПЕРИОД ОД 2019-2021 67

14. Пријавени, обвинети и осудели лица за кривични дела против здравјето на луѓето.....67

14.1. Пријавени,обвинети и осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето по години.....67

14.2. Осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето според полот.....68

14.3. Осудени деца од 14 до 16 години за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените кривични санкции.....69

14.4. Осудени деца од 16 до 18 години за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените кривични санкции.....72

14.5. Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и видот на одлуката.....75

14.6. Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на одлуката и полот.....75

14.7. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на изречената санкција и полот.....80

14.8. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените главни казни затвор и парична казна.....83

14.9. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето со соучесништво.....87

14.10. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и бројот на учесници во извршувањето на делото.....88

14.11. Пријавени, обвинети и осудени лица за организиран криминал за кривични дела против здравјето на луѓето.....89

III КОМПАРАЦИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

15. Кривични дела против здравјето на луѓето кај нас и во земјите на Балканот.....91

15.1.Србија.....92

15.2 Хрватска.....95

15.3. Црна Гора.....96

15.4. Босна и Херцеговина.....97

ЗАКЛУЧОК.....98

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....100

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1. Уредби со законска сила март 2020.....8

Табела 2. Области кои ги уредуваат донесените уредби со законска сила во месец март 2020 год.....8

Табела 3. Уредби со законска сила во месец Април 2020 година.....9

Табела 4. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец Април 2020
год.....9

Табела 5. Уредби со законска сила за месец мај 2020 година. Вкупно 58 уредби со законска сила донесени од Владата на
РСМ.....10

Табела 6. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец мај 2020 година.....11

Табела 7. Уредби со законска сила за месец јуни 2020 година. Вкупно 52 уредби со законска сила донесени од Владата на
РСМ.....11

Табела 8. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец јуни 2020 година.....12

Табела 9 - Пријавени,обвинети и осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето по години.....67

Табела 10 - Осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето според полот.....68

Табела 11 - Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и видот на одлуката.....75

Табела 12 - Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на одлуката и полот.....75

Табела 13 - Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на изречената санкција и полот.....80

Табела 14 - Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето со соучесништво.....87

Табела 15- Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и бројот на учесници во извршувањето на
делото.....88

Табела 16 - Пријавени, обвинети и осудени лица за организиран криминал за кривични дела против здравјето на
луѓето.....89

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

КЗ – Кривичен Законик

СВР – Секретаријат за внатрешни работи

РСМ – Република Северна Македонија

МВР – Министерство за внатрешни работи

СЗО – Светска здравствена организација

СФРЈ – Сојузна Федеративна Република Југославија

ЈЗУ – Јавна здравствена установа

КД - Кривични дела

Чл. - Член

UNICEF - UnitedNationsChildren'sFund(Меѓународен фонд за деца при Обединетите Нации за итни состојби)

САД – Соединети Американски Држави

ВОВЕД

Правото и медицината се несомнено меѓу највлијателните науки денес, иако на различна страна и со различна област и тематика на проучување тие сепак имаат и свои допирни точки, затоа што пред се здравјето на луѓето е во рацете на лекарите, но истовремено тоа повлекува професионална одговорност, односно правно регулирање на одговорноста на лекарите, аптекарите, фармацевтите и медицинскиот персонал кои се вклучени во методите, третманите, зафатите и лечењето на пациентите. Правото и медицината можат да бидат поврзани во ситуација кога постапката на лечење не е раководена по правила на медицината. Животот на пациентите и нивното здравје се најважни објекти на медицинската заштита. Затоа во последините неколку децении се појави медицинското право како нова правна гранка чија важност е доста голема. Фокусот е ставен на односот лекар- пациент, кој подразбира стрпливост на пациентот и професионалност и етичност на лекарот. Иако, секој посакува и сака да верува во идеална ситуација, сепак можни се проблематични ситуации од кривично правно и медицинското гледиште. Мора да се разликува небрежноста од намерата, односно важно е да разликуваме ситуации во кои лекарот постапил со намера да направи пропуст од ситуација лекарот да прави пропуст небрежно, без намера на некој да му го наруши здравјето. Покрај лекарите, кривични дела против здравјето на луѓето може да стори секој, посебно во услови на глобална пандемија, а тоа се дела на пренесување на заразна болест, каде секој што не постапува по прописи, одлуки и наредби за сузбивање на одредена заразна болест ќе зарази друг, но и самото непочитување на тие одлуки се казнува, без оглед дали дошло до пренесување на заразна болест. Секогаш актуелни се делата кои се поврзани со производството и трговијата на наркотични дроги кои се штетни по здравјето на луѓето, но и државата тешко се справува со нив. Правото има важна улога преку санкционирањето на овие дела да ја јакне генералната и специјалната превенција, што значи дека казната треба воспитно да делува на самиот сторител, но и заканувачни врз останатите, да не вршат такви или слични дела. Во оваа глава се наоѓаат и противправни дејствија на фармацевтите кои како посебна, самостојна професија се во ситуација да одговараат за евентуални пропусти поврзани со аптекарската дејност. Како понов феномен во медицината и како резултат на нејзиниот брз напредок е секако трансплатацијата на човечки органи. Во оваа област несомнено правото мора мошне внимателно и прецизно да ја регулира границата на дозволеното од казнивото и да ги разјасни правата и должностите на сите учесници на

овие зафати, но и да ги санкционира појавите кои имаат противправни елементи. Оваа област од современата правна наука, за мене е од интерес за изучување и обработка, затоа што е комплексна и изобилува со многу тенки граници меѓу дозволеното и недозволеното и се карактеризира со неистоветни сфаќања од страна на медицинарите и правниците, но исто така се наоѓа во постојано превирање и менување што се докажа со неодамнешната глобална пандемија и од таа причина се одлучив да ја обработам за мојот магистарски труд.

ІКРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

1.Етиологија и феноменологија на кривичните дела против здравјето на луѓето

Забрзаниот развој на науката и технологијата секојдневно и непрекинато го менува современиот свет и на човековиот живот му дава нови можности и шанси за поквалитетно живеење и еманципација на секое поле. Но, овој развој истовремено може да биде причина и за појава и предизвикување на штетни дејствија со негативни последици и по поединецот и по севкупната заедница. Врвната технологија посебно наоѓа свој израз во медицината како и во фармацијата. Во поново време се јавуваат дела кои се под опсервација на правото и предизвикуваат опасност за човекот како резултат од употребата на нови медицински третмани, лекарства и методи за лечење. Затоа и современото право треба брзо да реагира и прецизно да го оддели корисното од некорисното за да може истовремено да дозволи развој на медицината без никакви опструкции, но и да го заштити граѓанинот и населението од штетните последици. Од таа причина со цел за превентивно дејствување и едукација се јавуваат нови правни гранки во правото како што се медицинското право, а и самото казнено право воведува посебна глава на кривични дела против здравјето на луѓето. Овие дела имаат ист објект на заштита како и делата против животот и телото. Двете групи на дела штитат исто добро (животот и телото на човекот), но од еден друг аспект, поврзано со медицината како преовладувачка во вршење на одредени кривични дела. Причината за правното регулирање на делата против здравјето на луѓето, се огледа и во улогата што ја има денес современата држава, односно нејзиното интервенирање во многу области од животот. Денес државата презема голем број на функции и се повеќе ги проширува, а првенствено се залага во областа на здраствената заштита на населението, што за цел има создавање на здрава нација. Државата спроведува редица на мерки во областа заштитата на здравјето на населението. Донесувајќи и спроведувајќи редица на мерки од императивен карактер, како што е на пример задолжителната вакцинација на

населението од разни болести, задолжителни систематски, стоматолошки прегледи. Како главна карактеристика на кривичните дела против здравјето на луѓето што ја одделува од кривичните дела против животот и телото е тоа што се тие дела на општа опасност и со нив се загрозува животот на повеќе однапред неодреден број на луѓе за разлика од кривичното дело против поединец. Некои од овие дела се сметаат како деликти на апстрактно загрозување, други како деликти на конкретно загрозување, трети како дела на нанесување телесна повреда кои претставуваат загрозување на здравјето на луѓето затоа што се вршат како delicta propria и може да ги извршат само медицински лица, лекари, фармацевти и медицински персонал. Поради блискоста на објектот на заштита овие дела се споредуваат со кривичните дела против животот и телото, особено оние на конкретно загрозување во случај кога доаѓа до лишување на живот на некое лице. Се поставува прашањето дали во таа ситуација треба да се преквалификуваат во дела против животот и телото. Законодавецот стои на ставот доследно да се спроведе концепцијата овие дела да се третираат како дела со тешки последици од главата на кривични дела против здравјето на луѓето.

Медицината секој ден напредува и носи нови можности за евентуални противправни дејствија. Државата со помош на правото пронаоѓа нови начини на справување со појавата на нови инкриминации во оваа област. Меѓутоа се случи еден феномен во реалниот живот, каде правото е ограничено во можноста длабоко да задира во оваа област со репресивни мерки. Посебно тоа се однесува на наркоманијата и алкохолизмот кои се социопатолошки појави за кои се потребни лекарски, а не казнени третмани. Освен тоа постои и ограниченост во откажување на казнување на уживање на дроги, што е аналогно, односно слично на неказнувањето на конзумирање алкохол и слично, што се смета за лично право на поединецот. Во спротивно државата ќе наиде на масовно непочитување на ваквите забрани, затоа само настапува периферно каде што е очигледно оправдано казнувањето, како што е случај со казнувањето на точење на алкохол на малолетници и дејствијата на производство и трговија со наркотични средства. Проширувањето на заштитата на здравјето на луѓето има одраз и врз обемот на одговорност на лекарите и другиот медицински персонал. Кај нас одговорноста на лекарот е прифатена во две насоки и тоа хоризонтално што значи одговорност на лекарот кон другите лекари и вертикално што претставува одговорност на лекарот кон болничарите, медицинските сестри и др. Во феноменологијата на овие дела се појавува стандардот лекарска грешка. Таа е стручна

заблуда на еден лекар, но без елементи на несовесност. За до крај да се разбере феноменот на лекарска грешка, треба да се прошири видикот и кон другата страна, односно кон пациентот кој можеби придонесува со своето однесување да дојде до намалување на должното внимание од страна на лекарот. На пример, пациентот одбива да се лекува, не е дисциплиниран, не прифаќа третмани и терапии и сл. Како карактеристика на овие дела е нивниот бланкентен карактер што произлегува од неопределениот број на можни дејствија кои го сочинуваат дејствието на извршување на овие дела, а сето тоа на крај доведува и до проширување на зоната за небрежно извршување на овие дела.

2. Пренесување заразна болест и непостапување според здравствени прописи за време на епидемија

Во последно време едно од најактуелните кривични дела против здравјето на луѓето е делото од чл.205 на КЗ од РСМ ‘‘Пренесување на заразна болест‘‘. Ова дело засилено се појави за време на пандемијата со Ковид 19 од 2019-2020 година. Ова дело во принцип го врши онај кој постапува спротивно на прописите, наредбите и одлуките за сузбивање и спречување на заразни болести што на крај резултира со пренесување на самата заразна болест. Законодавецот за ова кривично дело кај нас предвидел парична казна или казна затвор до три години.[1] Кривичното дело се извршува со кршење на прописи од надлежни органи, донесени заради неутрализирање на заразните болести како што се прегледи, дезинфекции, издвојување на болни лица итн. Наведеното дело може да се изврши со сторување, односно со чинење на дејствија кои се забранети, но сепак во прашање е кривично дело на несторување и најчесто се извршува пасивно. Бидејќи се работи за бланкетно дело мораме да се запознаеме со некои актуелни правни акти и прописи со кои се настојува да се сузбие и спречи секоја заразна болест, со цел да го споредиме дејството на сторителот со содржината на актот. Еден од тие правни акти е Законот за заштита на населението од заразни болести на РМ донесен на

[1] Кривичен Законик на РСМ чл. 205, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

седница на сообранието одржана на 16.09.2004 година и измените на законот од 2008, 2009,2014,2015 и 2016 година.[2] Според чл.2 од Законот за заштита на населението од заразни болести, заразна болест е заболување, предизвикано од биолошки агенс кое настанува како последица на пренесувањето на тој агенс или неговите токсични продукти од заразена особа на домакинот кое може да биде директно од едно лице врз друго или индиректно преку загадена храна, вода, некој предмет од општа употреба или со размена на течност која е контаминирана. Како специфичност на ова дело е важењето на принципотignorantiajuris nocet, односно, принцип познат како непознавањето на законот никого не го оправдува. Причина за ова треба да се бара во широкиот аспект на дејствија и акти кои треба да се познаваат за да лицето се заштити од одговорност. Покрај основните правни акти, за оваа цел се наменети и помагаат и одредени подзаконски општи правни акти, чие непочитување исто така повлекува кривична одговорност. Дејствијата со кои се сузбива и спречува некоја заразна болест може да бидат многу и од различен вид, како што се мерки на дезинсекција, прегледи, дезинфекција, дератизација, отстранување на човечки и животински лешеви, органи, ткива, отпадни води и материи итн. Меѓунив спаѓаат и здравствениот надзор, карантинот и имунизацијата. Битието на извршување на ова кривично дело треба да се однесува на непочитување на прописите кои се однесуваат на оваа област и уредуваат и утврдуваат мерки за спречување и сузбивање на опасни заразни болести. За да постои кривичното дело ‘‘пренесување на заразна болест‘‘ потребно е некој да биде заразен со пренесување на таа болест. Ова дело се извршува со умисла, односно сторителот треба да е свесен дека е заразен од некоја заразна болест и намерно постапува спротивно на позитивните прописи. Исто така законодавецот предвидел и небрежно извршување на ова дело, кое се казнува со парична казна или со казна затвор до шест месеци.[3] Обидот за ова дело исто така е казнив. Во праксата се покажа дека лекари, медицински сестри, медицински персонал, но исто така и членови на семејството на заболениот се најчести извршители на ова дело. Овај податок се потврди во праксата за време на пандемијата со Ковид 19.

[2] Закон за заштита на населението од заразни болести

[3] Кривичен Законик на РСМ чл. 205, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

Кога станува збор за неодамнешната пандемија на Ковид 19 може да се каже дека одлуките на органите беа обемни и чести, така да беше потребно нивно редовно пратење за да може секој поединечно да се запознае со нив. Како пример ќе ги посочиме уредбите со законска сила на Владата на РСМ донесени при прогласување на вонредна состојба за време на пандемијата на Ковид 19. Првата одлука за утврдување за постоење на вонредна состојба, стапи во сила на 18ти март 2020 година за период од 30 дена. Исти одлуку следуваа и на 17ти април 2020, 17ти мај 2020 година, 31мај 2020 година и 15јуни 2020 година.[4]

Во следниот приказ дадени се видовите и бројот на уредби со законска сила за време на пандемијата на Ковид 19 по месеци на нивно донесување и по област на уредување.

Табела 1. Уредби со законска сила март 2020

44 УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА	
Вид на уредби со законска сила	Број на уредби со законска сила
Изворни уредби	5
Уредби со законска сила за примена на конкретен закон	36
Уредби за измени и дополнување на веќе постоечки уредби со законска сила	2
Уредби со законска сила за престанување на претходно донесена уредба со законска сила	0
Вкупно	43

[5]

Табела 2. Области кои ги уредуваат донесените уредби со законска сила во месец март 2020 год.

Област на уредување	Број на донесени уредби со законска сила
Права и слободи на човекот и граѓанинот	4
Здравствена заштита	4
Образование	5

[4] https://vlada.mk/uredbi-covid19
[5] Sistematiziran-pregled-Uredbi-so-zakonska-sila.pdf

Економија и финансии	8
Правосудство	5
Државно уредување – Влада	1
Државно уредување – општи прописи	2
Локална самоуправа	2
Внатрешни работи	1
Одбрана	1
Заштита и спасување	1
Сообраќај и врски	2
Катастар на недвижности	1
Земјоделство	1
Стопанство – општи прописи	3
Угостителство и туризам	1
Избори/ Собрание	1

[6]

Табела 3. Уредби со законска сила во месец Април 2020 година

Вид на уредба со законска сила	Број на уредби со законска сила
Изворни уредби	19
Уредби со законска сила за примена на конкретен закон	48
Уредби за измени и дополнување на веќе постоечки уредби со законска сила	29
Уредби со законска сила за престанување на претходно донесена уредба со законска сила	1
Вкупно	97

Табела 4. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец Април 2020 год.

Област на уредување	Број на донесени уредби со законска сила
Здравствена заштита	8
Социјална заштита	4
Пензиско и инвалидско осигурување	3
Образование	1
Економија и финансии	17

[6] Sistematiziran-pregled-Uredbi-so-zakonska-sila.pdf

Работни односи	9
Правосудство	6
Државно уредување – Влада	1
Државно уредување – општи прописи	1
Државно уредување – државна управа	2
Јавни служби – заеднички прописи	7
Локална самоуправа	1
Внатрешни работи	1
Јавно обвинителство	3
Култура	1
Спорт	2
Сообраќај и врски	6
Сопственост и други имотно правни односи	3
Земјоделство	5
Градежништво	1
Стопанство – општи прописи	3
Урбанизам, станбени и комунални работи	3
Трговија	2
Угостителство и туризам	2
Рударство и геолошки истражувања	2
Индустија и енергетика	1
Јавно информирање	1
Игри на среќа	1

Табела 5. Уредби со законска сила за месец мај 2020 година. Вкупно 58 уредби со законска сила донесени од Владата на РСМ.

Вид на уредба со законска сила	Број на уредби со законска сила
Изворни уредби	6
Уредби со законска сила за примена на конкретен закон	10
Уредби за измени и дополнување на веќе постоечки уредби со законска сила	42
Уредби со законска сила за престанување на претходно донесена уредба со законска сила	0

Вкупно	58

[7]

Табела 6. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец мај 2020 година

Област на уредување	Број на донесени уредби со законска сила
Права и слободи на човекот и граѓанинот	3
Здравствена заштита	5
Образование	9
Економија и финансии	14
Работни односи	4
Државно уредување – Влада	2
Култура	2
Сообраќај и врски	6
Земјоделство	1
Градежништво	1
Стопанство- општи прописи	3
Урбанизам, станбени и комунални работи	1
Трговија	1
Угостителство и туризам	1
Рударство и геолошки истражувања	2
Индустрија и енергетика	1
Јавно информирање	2

Табела 7. Уредби со законска сила за месец јуни 2020 година. Вкупно 52 уредби со законска сила донесени од Владата на РСМ.

Вид на уредба со законска сила	Број на уредби со законска сила
Изворни уредби	11
Уредби со законска сила за примена на конкретен закон	7
Уредби за измени и дополнување на веќе постоечки уредби со законска сила	34
Уредби со законска сила за престанување на претходно донесена уредба со законска сила	0
Вкупно	52

[7]Sistematiziran-pregled-Uredbi-so-zakonska-sila.pdf

[8]

Табела 8. Области кои ги уредуваат уредбите со законска сила донесени во месец јуни 2020 година.

Област на уредување	Број на донесени уредби со законска сила
Права и слободи на човекот и граѓанинот	4
Здравствена заштита	5
Образование	4
Економија и финансии	15
Работни односи	1
Правосудство	2
Државно уредување – Влада	1
Државно уредување – општи прописи	2
Локална самоуправа	1
Одбрана	1
Култура	4
Сообраќај и врски	2
Сопственост и други имотно правни односи	2
Катастар на недвижности	1
Стопанство – општи прописи	1
Угостителство и туризам	1
Избори/ Собрание	2
Јавно информирање	3

[9]

Бидејќи се работи за бланкетна норма изобилуваат начините и патиштата како може да се пренесе една заразна болест од едно лице на друго. Така, на пример, постои пренесување на полова заразна болест со обљуба. Но, исто така и друг вид на заразни болести кои може да се пренесат со контакт, непосреден или посреден, со храна (алиментарен начин), со вода (хидричен начин), преку воздух (аероген начин), преку замјиште, повреда на кожата итн. Последицата секогаш се изразува како појава на заразено лице без оглед дали се работи за едно или повеќе лица, при што секако најтежок вид е болест која има карактер на епидемија. За самото дело е

[8] Sistematiziran-pregled-Uredbi-so-zakonska-sila.pdf
[9] Sistematiziran-pregled-Uredbi-so-zakonska-sila.pdf

карактеристично што се казнува и обидот, но и како посебно делое предвидено загрозување на сигурноста со лажна закана или со ширење на невистини за постоење на некаква неизлечива заразна болест. Како пример за ова може да ни послужи случајот на аферата антракс од 2000тите години кога низ светот кружеа лажни гласини дека постои неизлечива болест наречена антракс која всушност претставува прашкаста материја која на допир е смртоносна и која се става во поштенските пратки. Со ова дејствие се загрозува општата сигурност на населението, создавајќи паника, страв и несигурност. Како сличен пример може да се наведи невистинито и лажно тврдење дека некое физичко лице боледува од неизлечива заразна болест, како што е сифилис, хив вирус и друго.

Според внатрешната систематика во корпусот на кривични дела против здравјето на луѓето постои поделба на дела со апстрактно загрозување, дела со конкретно загрозување и повреда. Во однос на другата поделба која се однесува на субјектот, односно сторителот, тие може да бидат лекарски кривични дела (специјален субјект) и општи кривични дела. Делото ,,Пренесување на заразна болест‘‘ спаѓа во делата на загрозување заедно со делото ,,Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија‘‘.

Во суштина ова дело и неговата инкриминација се состои од непочитување или непостапување во согласност со одредени заштитни здравствени мерки, донесени од надлежни органи заради превенција или заштита од заразна болест која брзо се шири и ја загрозува општата сигурност на населението. Но, ако поради ова непочитување на одредени одлуки на надлежни органи, дојде до заразување на некое лице, тогаш се остварува битието на пренесување на заразна болест од чл.205 од КЗ на РСМ ,,Пренесување на заразна болест‘‘. Според Законот за заштита на населението од заразни болести, голем број на субјекти имаат права и обврски да комуницираат и меѓусебно соработуваат во раното откривање, појавата и спречувањето на ширење на заразни болести од поширок карактер. Тоа го прават пред се органите на државната управа, органите на локалната самоуправа, здравствените установи, како и физички и правни лица. За таа цел се организира и истовремено се планира следење на епидемиолошката слика и состојба во општеството и спроведувањето на мерките предвидени за таа цел. Секој поединец во државата има загарантирано со највисоки правни акти (темелни вредности на Уставниот поредок РСМ) право на здрав живот и здрава животна средина кои се издигнати на ниво на уставни начела и за таа цел се

спроведуваат предвидени превентивни мерки. Во тие мерки спаѓаат, меѓу другото исправна вода за користење, заштита на земјата, заштита на воздухот, но исто така заштита од отпадни води и други штетни материи. Во оваа група на мерки спаѓаат и редовно вршење на дезинфекција и други мерки на јавни и фреквентни места. Во согласност со ова се предвидени и едукативни настани и промотивни активности кои имаат за цел, населението да се запознае со важноста и неопходноста од почитувањето на мерките за заштита на општото здравје на цело население. Посебна одговорност во фазата на рано откривање на некоја заразна болест имаат и лекарите и другиот медицински персонал, кој се должни веднаш по откривањето да превземат пропишани, неопходни мерки за сузбивање и заштита од ширење на заразно заболување. Оваа одговорност постои и во ситуации на општа опасност од појава на епидемија, односно пандемија. Надлежното министерство во согласност со своите известувања, може да дозволи и мерки на скрининг, набљудување, анонимно тестирање на биолошки материјал или крв со цел за рано откривање на болеста. Како една од мерките која е предвидена и која најчесто се применуваше во справување со пандемијата со Корона вирусот, беше мерката на изолација на заразени лица или т.н.карантин.

Карантин е заштитна мерка која претставува еден од начините на справување со заразна болест и се состои во физичко изолирање, што значи ограничување на движења и контактирање на лица кои се заболени, кои се сомнителни на постоење на болест или на лица кои биле во контакт со заболени лица. Карантинот се спроведува во простории предвидени специјално за таква намена, заради намалување на ризикот од ширење на болеста. Овој режим се одвива под надзор на соодветен стручен персонал кој користи заштитни мерки и посебни мерки на однесување. Надлежното министерство донесува одлуки за спроведување и времетраење на карантинот по предлог на комисијата за заразни болести. Според Законот за ‘‘заштита на населението од заразни болести‘‘ како една од мерките која се користи, е задолжителната вакцинација за сите лица, за одредени болести, како што се сипаници, хепатитис, туберкулоза, тетанус и друго, при што надлежниот министер може на предлог на комисијата за заразни болести да определи задолжителна вакцинација и за други болести. Вакцинацијата, како и другите мерки за заштита од заразни болести, односно нивното значење за здравјето на луѓето се на прво место обврска, односно задолжение на секој лекар, но исто така на овој план треба да се спомене и задолжителното континуирано едуцирање на населението кое

треба да го спроведува локалната самоуправа и Републичкиот завод за здравствена заштита и ресорното, односно надлежното министерство.

Покрај општите мерки постојат и други мерки за спречување и заштита од заразни болести, меѓу кои спаѓа и задолжителното испитување на крводарителите и донаторите на ткива и органи. Посебни мерки според овој закон и други правни акти, се применуваат и при пренос на починато лице од заразна болест од странство во РСМ и за закопување, пренос и евентуално ископување на лице починато од заразна болест во нашата Република.

Аналогно на тоа и секој граѓанин е должен на надлежните органи да им овозможи непречен увид во просториите, објектите како и производите, а се со цел спречување на ширење на заразна болест. За потребите на спречување и заштита од заразни болести, министерот формира комисија за заразни болести, од редот на познати стручњаци во областа на медицината.

Заради спречување и заштита од заразни болести и нивно сузбивање има редица на посебни мерки за заштита кои се применуваат,а во кои спаѓаат:

- Изолација
- Карантин
- Превоз на заболено лице
- Здравствен надзор
- Задолжително лекување
- Епидемиолошки истражувања
- Спроведување на здравствено хигиенски прегледи
- Пријавување на заразните болести
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација
- Откривање на извори на зараза и поставување етиолошка дијагноза
- Здравствена едукација
- Следење на интрахоспиталните инфекции и преземање мерки за нивна превенција[10]

[10] Закон за заштита на населението од заразни болести

Неодамнешната пандемија на Корона вирусот лансира во областа на правнаталегислатива и правната пракса, зачестено појавување на две кривични дела и тоа ‘‘Пренесување на заразна болест‘‘ и ‘‘Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија‘‘. Самата епидемија во правото е дефинирана како заболување од заразна болест во невообичаено голем број на случаеви, по време, место или број на заразена популација на население или невообичаено зголемување на бројот на заболени со компликации по здравјето или со смртен (летален) исход. Исто така, е карактеристична и појава на повеќе меѓусебно поврзани случаеви на заразна болест која никогаш или подолго време не се појавила на одредено подрачје. Со оглед дека коронавирусот беше со пандемиски карактер, тоа предизвика сложена здравствена слика во целиот свет, па така и во нашето соседство. Компаративно според запазувањето на проф. Лазаревиќ од Р. Србија кривичниот законик за постоење на ова кривично дело, потребно е заразната болест да биде опасна.[11] Во тој контекст и со подзаконските општи правни акти на Р.Србија (наредба за прогласување на епидемија на заразна болест Ковид 19 – (сл.гласник РС бр. 37/20/20)[12]. Коронавирусот се смета за појава од поголемо епидемиско значење, но не само тој вирус, туку според нивното законодавство како опасни заразни болести се сметаат сите оние кои лесно се пренесуваат, односно можат да зафатат голем број од населението, можат тешко да го загрозат животот и здравјето на граѓаните.

На субјективен план потребна е умисла, што се однесува до стварната заблуда за ова дело таа е исклучена, бидејќи постојат секојдневни одлуки на надлежни органи за кои секојдневно се говори и пишува. За сторување на делото ‘‘ Непостапување според здравствени прописи во време на епидемија‘‘ потребно е сторителот да не ги почитува мерките за спречување и сузбивање на опасна зараза, а не на непочитување на други мерки во рамките на епидемијата. Тоа секако не значи дека другите штетни дејствија не би можеле да се поведат под некое друго, можеби потешко кривично дело или прекршок. Во согласност со оваа ситуација, секојдневно беа донесувани голем број на одлуки од надлежни органи со цел за сузбивање и спречување на епидемијата, со непрекинато зголемување на нивниот број што бара редовно пратење на тие одлуки. Од позаконските акти, со посебно значење беше Наредбата за ограничување и забрана на движење на лица на територијата на Р. Србија (сл.гласик РС бр. 34/2020)[13].

[11] https://www.paragraf.rs/koronavirus
[12] Сл.гласник РС бр. 37/20/20
[13] Сл.гласик РС бр. 34/2020

Забраните беа од различен вид, а се однесуваа на забрана на движење надвор од објектите за живеење, стамбените згради и домакинствата. Наредбата забрануваше и движење на сите граѓани во ноќните часови со тенденција на уште поголемо ограничување. Единствено ограничување на забраната за движење не се однесуваше на здравствените работници и на припадниците на министерството за внатрешни работи. Меѓудругите акти, важна е Уредбата за мерки за време на вонредна состојба (сл.гласник РС бр. 31/2020 и 36/2020)[14] според која МВР во согласност со министерството за здравство имаат право да го ограничат или забранат движењето на јавни места и да наредат обврска на одредени лица за кои се смета дека се заразени, да се јавуваат во надлежната здравствена установа. Кршењето на оваа мерка (карантин) се смета за една од потешките кривични дела.

Специфичноста на кривичните дела против здравјето на луѓето во современото казнено право предизвикува издвојување и појава на нова правна гранка наречена Медицинско казнено право. Една од причините е и самата држава и нејзиното функционирање и проширување на функциите во различни нови области, при што видливо е нејзиното интервенирање во областа на заштитата на здравјето на луѓето како една од нејзините социјални компоненти во општественото уредување. Со оглед на тоа што се работи за мошне сложена и осетлива функција, државата внимателно но одлучно ја проширува регулативата во оваа област. Така да, како пример, може да се земи заколжителното вакцинирање на населението, задолжителни систематски прегледи, проширување на листата на болести предвидени за вакцинација итн. Ова е последица и на објектот на заштита кај овие дела, бидејќи во суштина се работи за загрозување на здравјето на повеќемина или на одреден број на лица, а не на поединци. Ако пак напротив дојде до конкретно загрозување на животот и телото на некој поединец, тогаш се постапува како за кривични дела против животот и телото. Затоа законодавецот ги има во предвид и потешките последици на овие дела, издвојувајќи ги и оние кои имаат свест и умисла за конкретно загрозување. Карактеристика на овие дела против здравјето на луѓето е што се бара и одговорност на стручните лица, односно лекарите и нивниот однос со другите лекари (хоризонтална одговорност) и лекарите и нивниот однос со понискиот стручен персонал (вертикална одговорност). Ова се однесува на оние кривични дела предизвикани од т.н.лекарска грешка кај која не смее да има несовесност во постапувањето, туку заблуда за некои елементи во

[14] сл.гласник РС бр. 31/2020 и 36/2020

областа на струката. Делото ‘‘Пренесување на заразна болест‘‘ е инкриминирано како деликт на последица кој се состои во пренесување на заразна болест. Пред се тоа значи непочитување на прописи и други правни акти со кои одреден надлежен орган одредува одредени мерки, како што се вакцинација, дезинсекција, дезинфекција или наредува мерка изолација на лица заболени од одредена заразна болест. Делото се проширува и на лица кои се заболени од заразна болест. Делото се проширува и на лица кои се заболени од заразна болест, а некој ги вработува во објекти кои имаат јавен карактер, како што се институции, установи, училишта, хотели итн. Како еден од начините на пренесување на заразна болест се смета и вршењето на полово дејствие, односно обљуба, при што се пренесува одредена заразна болест. Делото е извршено онај момент кога се појавува последицата, односно заразната болест кај друго лице, при што не е важно дали се заразило само едно лице и од каква болест се заразило. Кај ова дело се јавува и посебен облик кој се разликува од основниот по тоа што се работи за непостапување според здравствени прописи со кои се сузбива болест на животни која се пренесува и на луѓе. Друг деликт на апстрактно загрозување е и делото од чл.206 од КЗ на РСМ ‘‘Непостапување според здравствените прописи за време на пандемија‘‘. Самото дело подразбира непочитување и непостапување според прописи и мерки за сузбивање на заразна болест која има карактер на епидемија. Ако дојде до заболување на некое лице, како последица на претходното дејствие, тогаш сторителот ќе одговара за извршување на дело од чл. 205 од КЗ на РСМ ‘‘Пренесување на заразна болест‘‘. За ова дело одговараат и правните лица за кои е предвидена парична казна

2.1.Пренесување на заразна болест и непостапување според здравствени прописи во време на епидемија, во време на Ковид 19

Како пример можам да посочам редица на судски одлуки со кои се одлучува во обвинение во врска со чл.205 и чл.206 од КЗ на РСМ

Пресуда К-16/22 од основен суд Тетово каде е донесена пресуда со казнен налог за обвинетиот за кривично дело пренесување заразна болест, поради што обвинетиот не постапил според одлуката на владата на РСМ од 18.03.2020 со која се определуваат мерки за заштита од коронавирусот. Обвинетиот, иако е констатирано дека е заразен и требало да биде во домашна самоизолација, истиот пред истекот на времето за

самоизолација ја напуштил РСМ и заминал за Р. Германија. Како казна изречена е парична казна од 100 дневни глоби, една дневна глоба изнесува 5 евра.[15]

Пандемијата со Коронавирусот која неодамна го зафати целиот свет, ги стави во предизвик сите држави за начин како целата меѓународна заедница да се справи со оваа заразна болест, а посебно какви мерки и од областа на медицината и од областа на правото ќе бидат ефектни и ќе можат да ја сузбијат заразната болест. Насекаде, па и кај нас излезе на виделина исфрустрираност и неспремност и неорганизираност во оваа област, од страна на надлежните институции. Правната регулатива се покажа оскудна и недоволна да се справи во тој момент со зараза од таков обем. Пред се слабости се покажаа во слабата координација меѓу органите и спроведување на веќе постоечките правни акти од таа област. Се покажа дека имаме апсолутно недоволен капацитет и искуство и во лекарската струка и во извршната власт. Се превземаа несинхронизирани и неадекватни одлуки кои споро и нецелосно се извршуваа и беа неадекватни на постоечката состојба која од ден на ден предизвикуваше се повидливи и потешки последици. Сето тоа доведе до несигурност на граѓанитево институциите на системот, неозбилност и несериозно сфаќање на општата состојба што резултираше со незадоволство, негодувања, протести и масовни непочитувања на овие мерки. И слабата економска состојба на нашата држава беше додатна причина за неефикасност и касно спроведување на одредени мерки кои, иако, можеби беа квалитетни, не ја постигнаа или делумно ја постигнаа целта. Како пример ќе го посочам касното и недоволно снабдување со заштитни медицински маски од една страна, но од друга страна нејасната и спорна регулатива за начинот на нивно користење или употреба. Тоа беше можност за отворање на простор за трговски спекулации (продажба на заштитни маски по енормно високи цени). Како кулминација на мерките, но и можеби логичен след на настаните дојде до прогласување на вонредна состојба со Уредба на Владата од 18.03.2020 година во времетраење од 30 дена. Самото прогласување на вонредната состојба, иако, предвидено со законски акти, претставуваше една од најтешките мерки, што доведе до полемики околу нејзината оправданост и ефектот што би се постигнал со неа. Таа предвидуваше и воведување на

[15]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

полициски час кој е во колизија со други основни права и слободи на човекот, а пред се со слободата на движење. Самото постоење на вонредната состојба предизвика револт, изрази сомнение во јавноста, за можноста од појава на разни видови на нелегални дејности и шпекулации од страна на државните органи (на пример трансфер на имигранти во време на полициски час, превоз на штетни и недозволени материи итн).

Голем дел од мерките и препораките за заштита од Корона вирусот, покрај нејасноста за начинот на нивна примена и спремноста на органите на извршната власт да ги спроведат, се појави сомнение за можноста од нивна различна и селективна примена, кај исти или слични субјекти. На пример, донесената мерка носење заштитни маски во автомобилите каде се изрекуваа казни на лица кои не носеа маски, бидејќи живееле на различна адреса, а тие истите се интимни партнери. Друга честа ситуација беше казнувањето на лица кои се движеа на отворено без маска, додека не се казнуваа оние кои седеа во кафич или ресторан во непосредна близина, исто така без маски, но всушност од такви лица не се ни бараше да носат заштитна маска. Многу мерки се покажаа апсурдни и нелогични и предизвикаа оправдано незадоволство во целото општество. На почетокот на самата пандемија како појава со која долг временски период човештвото се немаше соочено мерките кои беа донесени беа општо прифатени за по извесен период да се донесуваат нови мерки кои не одговараа на ново настанатата ситуација и не беа адекватни, ниту корисни, па предизвикаа непослушност и сомнеж. Како прифатливи мерки на почетокот беа наредбите да се прекине со работа, да се затворат музеите, театрите, кината и други институции каде што може да се одржуваат масовни собири или други настани од културен карактер, потоа прекин на работа на сите спортски објекти и теретани, без оглед на капацитетот и бројот на учесници. На угостителските објекти, ресторaните, казината, баровите и обложувалниците им беше наредено да работат со скратено работно време и со половина капацитет, за да може да се задржи минимум неопходно растојание од 1 и пол до 2 метри меѓу луѓето. За странските државјани кои доаѓаат од земји со висок ризик, според листата на СЗО им се забрани влез на територијата на РСМ, со исклучок на оние кои имаат потврда за спроведен карантин. Пациентите кои имаа претходно закажани оперативни зафати, мораа да ги одложат, освен во итни неодложни ситуации. Заради одржување на редот и поредокот во државата, донесена е препорака за казнивост на сите физички и правни лица кои ги прекршуваат донесените решенија од страна на државниот санитарен инспекторат и истите се доставуваат на процесуирање

до надлежните органи, како што е јавното обвинителство на РСМ. Специјализацијата на лицата кои се пратени во своите матични установи, се прекинува и истите се враќаат на своите работни места. Заради зголемување на капацитетот на службата за домашни посети, Министерството за здравство донесе одлука за вклучување на лекарите од општа пракса. Донесена е препорака за националната македонска телевизија, на дневно ниво и секојдневно одвои медиумски простор за едукативна програма, за децата од предучилишна возраст и основно образование која ќе биде подготвена од Бирото за развој на образованието во соработка со образовниот кадар од училиштата, како и во соработка со Министерството за трут и социјална политика, UNICEF и други институции.

Министерството за надворешни работи, преку своите амбасади и конзулати во странство беше задолжено да ги информира нашите државјани за земјите кои се со висок ризик според листата на СЗО. Овие и слични мерки, иако на почетокот постигнаа одреден позитивен ефект, сепак со тек на развојот и ширењето на епидемијата во наредните месеци почнаа да покажуваат и негативни последици. Посебно на прво место најголем удар доживеа економијата и стопанството на земјата, која и онака беше ориентирана кон странски инвестиции и зависна од странски капитал. Наскоро се осети драстичен пад на производството, затворање на голем број на работни места (трговија, угостителство, хотелиерство, транспорт) и доведе до колапс на економијата чии последици се осеќаат и ден денес. Таа ситуација створи услови за процут на сивата економија, нелојална конкуренција и трговски шпекулации. Доведе до постепен и незапирлив пораст на цените и инфлацијата, но истовремено и пад на стандардот на населението.

3.Несвесно лекување на болни

Во групата на кривични дела против здравјето на луѓето во КЗ на РСМ едно од најпечатливите кривични дела е Несовесно лекување на болни чл. 207 од истиот законик. Се работи за кривично дело на повреда каде сторител може да биде лекар, стоматолог, но и помошниот персонал во медицинските установи. Кај ова дело како едно од најосетливите и комплицирани за докажување на највиден можен начин се испреплетуваат не само правните регулативи, туку и самиот етички кодекс на

лекарската професија. Здравјето на луѓето е една од најосетливите вредности и секој поединец денес не само што има право, туку има и обврска да се грижи за своето здравје, чувајќи го така истовремено и здравјето на другите. Кај ова дело вообичаено, последиците ги трпи пациентот и затоа цело внимание и на институциите во државата и на јавноста е свртено кон лекарската струка. Лекарите имаат обврска совесно да се грижат за здравјето, животот и телото на пациентите, бидејќи секоја евентуална грешка, би можела да биде со тешки последици. Затоа со право се поставува прашањето што всушност значи совесно лекување, а што несовесно. При укажувањето на лекарска помош, битно е лекарот максимално да ги искористи сите свои стручни знаења и способности, од самиот прием на пациентот, дијагнозата, до лекувањето, до самото завршување на третманот. Кога доаѓа до несовесност во лекувањето и понесување на кривична одговорност на лекарот? Тоа е случај кога лекарот свесно не ги искористил сите медицински средства, инструменти и технични можности, при третирање на пациентот, при тоа треба да се има во предвид субјективното битие на ова дело кое не опфаќа намерна повреда или лишување од живот, бидејќи тогаш би се работело за кривично дело, телесна повреда или убиство. Кај ова дело лекарот треба да има свест и знаење дека можел да употреби средства кој реално не ги употребил, (не извршил ренгенски снимки на пациентот за да утврди евентуални пречки и да постави точна дијагноза), па затоа дошло до таква последица или употребил несоодветни средства за струката кои не се одобрени или признаени од званичната медицинска струка на пр.за анестезија употребил хипноза. Кај ова дело треба да се има во предвид она што е несовесно постапување да се оддели од она што е на пример дозволен ризик кај секоја лекарска интервенција. На пример дозволен ризик, кога стоматологот става дозволена анестезија, но пациентот колабира и паѓа во несвест, затоа постои мошне осетлива граница при докажување на овие дела и треба при нивно евентуално процесирање да се користи т.н. професионален обичај, односно судење според de lege artis, односно според законот на струката. Во вакви случаеви од голема помош е учеството на вешти лица, односно вештаци кои се од истата струка, кои треба секој случај да го посматраат изолирано и конкретно, бидејќи секој случај е единствен и неповторлив. Тие треба да му дадат дознаење на судот дали во конкретниот случај постои лекарска грешка со дозволен ризик или постои несовесно лекување од страна на лекарот. При тоа,треба да се земат во предвид и објективните услови кој постоеле во самата медицинска установа, односно треба да се утврди дали лекарот, при своето постапување во давање на медицински третман искористил се што му е на располагање или не и дали самата

установа имала капацитет да пружи такви можности. Несовесност постои кога лекарот можел, а не ги искористил овие поволности и при тоа знаел дека може да настапи летален исход или тешка повреда на здравјето, па затоа ова дело има умислен карактер. Несовесност не постои ако лекарот употребил се што му е на располагање, но сепак пациентот починал. Затоа постои изрека која кружи низ населението, која гласи ‘‘ операцијата е успешна, а пациентот е мртов ,,. Како на пример ако едно тешко повредело лице (сообраќајка) е примено за итна интервенција со голем губиток на крв, лекарот и покрај тоа што совесно постапил и ги искористил сите можности на располагање, (трансфузија на крв, хирушка интервенција), сепак лицето починало или случај кога во болницата доаѓа пациент кој се наоѓа во тешка, односно крајна фаза во некоја тешка или смртоносна болест (рак) кој и покрај интервенцијата не можел да биде спасен.

Несовесното лекување на болни, лаички попознато како ,,лекарска грешка‘‘ е долго време под присмотра (надзор) на јавното мислење, што неретко предизвикува расправии, дебати на таа тема. Во тие расправии неретко се случува да учествуваат и стручни теоретичари кои без претходни докази, често на тапет ги стават лекарите, препишувајќи им намерно кршење на медицинските правила и непочитување на етичкиот кодекс на лекарската професија. Кога е во прашање ова дело prima facie (на прв поглед) се работи за кршење на правила кои го чинат односот на пациентот и лекарот, при што акцентот се става на лекарот.[16] Правничкото толкување е дека лекарската грешка, значи свесно постапување, спротивно на правилата на медицинската струка, односно не почитување на медицинските стандарди, прописи и мерки, до кои би требало да се придржува, а не го направил тоа, а со тоа му нанел штета на пациентот. При процесуирање во случај на лекарска грешка, се препорачува опрезно постапување, при што не смее по секоја цена да се зема во предвид судот на јавноста, која обично за секоја ситуација ги окривува лекарите. Потоа лекарската грешка треба да подразбира несоборливи докази за евентуално нестручно вршење на една медицинска интервенција, врз основа на кои може лекарот да биде прогласен за кривично одговорен. Кај лекарот постои одговорност и кога се во прашање грешки настанати со неодговорно однесување на другите здравствени работници по вертикала (бабица, медицинска сестра...) иако тоа не изгледа етички, меѓутоа со напомена дека

[16] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

лекарот сноси ваква одговорност, ако до крај не го испитал однесувањето на здравствениот работник. Кога се работи за овие дела КЗ на РСМ паѓа во сенка на Законот за здравствена заштита. Неговите претставници (судии, адвокати, тужители) немаат медицинско образование, ниту стручностадекватно да го оценуваат работењето на лекарите и другите здравствени работници. Ова не значи натпреварување помеѓу медицинските и правните институции и нивните претставници, туку напротив се работи за истакнување на значењето на професиите кои според стручното мислење се само три во светот и тоа медицина, право и свештенство. Не може строго, однесувањето на лекарите да се пропиши само со закон, затоа што тоа е пред се одраз на човечкото воспитување, култура, животен стил, но и право на личен избор што е врв на човековата слобода.

3.1. Суштината на лекарската грешка

За лекарска грешка може да се зборува во потесна и поширока смисла. Во поширока смисла таа значи повреда на правата на пациентите и кршење на правилата на лекарско должно постапување. За да се дојде до ваков став вршено е долгогодишно пратење на однесувањето на лекарите и нивните чести професионални грешки, а од друга страна, однесувањето и задоволството кај пациентите. Начините, достигнувањата во сите области, па и во медицината, доведуваат до тоа медицината да напредува со огромна брзина, при што нејзините методи на работа брзо застаруваат, така да лекарите имаат обврска да ги пратат тие промени, во спротивно, поради недоволна информираност, може да дојде до квалификување на лекарската постапка, како намерна грешка, поради тоа што тој знаел за таквите нови методи, но свесно не ги применил во дадена ситуација. Од друга страна, многу современи методи, иако признати од медицинската струка, не значи дека мора да бидат општо прифатени и применливи, што создава една конфузна и комплексна ситуација и се поставува прашањето дали лекарот прави грешка, кога постапува по сопствено уверување. Сепак, лекарот кој како стручно лице се заколнал на доживотно учење и надградување има обврска да биде во тек со медицинските трендови, имајќи во предвид дека и самата едукација на граѓаните е во пораст. Симптоматична е една друга појава во лекарската професија која се однесува на повреда на работните обврски кои значат повреда на должно внимание, при медицинскиот третман на пациентот или свесно превземање на медицински

активности кон пациентот без негова согласност. Тоа се прекршоци кои ги прават лекарите вон струката што нема директен допир со медицинските методи (дојагностика, оперативен зафат, медицински третман, фармацевтска заштита). Затоа е битно лекарот да се сфати како лекар стручњак, како личност, професионалец, етичар итн.

Поради комплексноста на поимот на лекарска грешка треба да се одреди неуспехот во лечењето од грешката во лечењето, бидејќи неуспехот немора секогаш да биде лекарска грешка, затоа што е во прашање ситуации кога лекарот или цел тим има најдобра намера да постигне успех и превзема се што е дозволено и недозволено во медицината. [17]

3.2.Дејствие на извршувањето на делото

Кај ова дело, дејствието на извршување е алтернативно одредено, односно може да се состои од неколку елементи како што се примена на неподобно средство, примена на неподобен начин на лекување, неприменување на соодветни хигиенски мерки и несовесно постапување што може да предизвика влошување на здравствената состојба на едно лице. Сите овие дејствија се само облици на несовесно лекување од лекарите и другите здравствени работници. Самото лекување опфаќа два облика и тоа дијагноза на болеста, а потоа превземање соодветен медицински третман. Овие две постапки се во тесна поврзаност и меѓузависност, бидејќи дијагнозата претставува предуслов за лекувањето. Поврзаноста се гледа во тоа дека без точна дијагноза нема ни правилно лекување, но сепак таа ќе биде точна само врз повеќе податоци за болеста и знаци за нејзино манифестирање. Кога зборуваме за лекарска грешка, поради примена на неподобно средства за лекување, под тоа се подразбира лекување со средтсва кои не се делотворни. Лекарот во секој конкретен случај треба според својата стручност да промени и определи такво средство, ценејќи го и степенот на индикации и контраиндикации во заболувањето. Под неподобно средство се смета употреба на застарени и напуштени како и употреба на недоволно проверени средства. На пример масовното издавање на рецепти на лекот ,,сумамед‘‘ при неодамнешната пандемија

[17] Mirza Totić- Pravno shvatanje namerne lekarske greske

Ковид 19 од страна на матичните лекари на своите пациенти кои немаат иста клиничка слика. Како неподобен начин на лекување се смета и погрешно пружена медицинска помош, која според правилата на медицинската струка не е вообичаена за таа болест и е спротивна на тие правила. Третиот облик на несовесно лекување на болни е преку неприменување на соодветни хигиенски мерки. Ова се случува во ситуација кога е пропуштено да се превземаат соодветни хигиенски мерки во согласност со медицинската струка и кога се превземени определени хигиенски мерки, но тие ни по обемот, ни по начинот не одговараат со правилата на струката, односно воспоставената медицинска пракса. Невозможно е да се предвидат, ниту законски да се наведат сите постапки за лекарите кои се сметаат за несовесни, бидејќи во праксата се појавуваат различни и непредвидливи ситуации, при што важно е да се напомене дека станува збор за постапки на лекар кои довеле до влошување на здравствената состојба на некое лице. Покрај лекарот и други здравствени работници по вертикала се опфатени со инкриминацијата на несовесно лекување, со тоа што иако постои разлика помеѓу работата на лекарите и на другите здравствени работници, сепак нивната одговорност е изедначена.

3.3. Утврдување на одговорност и казнување

За постоење на делото потребно е да постои и да се утврди причинска врска помеѓу постапката на лекарот или здравствениот работник и при укажувањето на помош и влошување на здравствената состојба на лицето на кое му е укажана помош, делото е опфатено и со умисла и со небрежност, иако во праксата најчесто се врши со небрежност (свесна и несвесна). Конечната одлука околку постоењето или непостоењето на ова кривично дело ја донесува судот.

3.4. Медицинско право и лекарска грешка

Современата и квалитетна медицина денес му гарантира на граѓаните да можат, да се надеваат на подобро лечење и излекување на друга страна лекарите стануваат се поодговорни во професијата, не само према пациентите, туку и према целата општествена заедница. Затоа нивната позиција и од страна на државата се сфаќа сериозно и таа превзема обврска да ги заштити од некоректни постапки на своите

пациенти. Затоа кон крајот на 20тиот век произлезе идеа да се формира медицинско право како нова научна медицина, која ќе ги уредува специфичните медицинско правни проблеми.[18] Меѓутоа праксата покажа дека постојат противречни ставови и недоверба меѓу правото и медицината каде што здравствениот работник според едно мислење е во право, сметајќи дека местото на правниците му е во судница, додека други сметаат дека медицинското право не создава недоверва кон медицината. Кога е во прашање лекарска грешка, имајќи во предвид дека претставува кршење на пропишаните, професионални и морални должности, битно е правилно да се утврдат фактите и дури тогаш да се квалификува како намера. Освен тоа, секое однесување према пациентот од страна на лекарот се проверува при дијагностика, при пропишување на терапија, медицинска нега итн. така да е исклучително тешко да се провери дали е збор за намера или пропуст. Лекарската грешка се чини со кршење на правата на струката и со непочитување на правилата на должно внимание. Лекарот не може да се ослободи од својата одговорност и грешка, со оправдание дека тоа го прават и други. Кога се мисли на лекарско внимание, се мисли на она кое претставува правен стандард ‘‘совесен лекар‘‘ кое всушност значи совесно однесување кое се очекува од секој лекар од ист ранг.

Компаративно во светски рамки постои мислење дека е невозможно лекарот да постапи спротивно на медицинските правила, дека не постои намерна лекарска грешка и дека хуманоста е над се во однесувањето, но податоците од одредени студии и коментари на испитаници, наведуваат на спротивен заклучок. Постојат и изјави на медицински сестри во САД за случаеви во кои на пациентите им се даваат посилни лекови од предвидените со пропишана терапија што кај заболените и кај нивните роднини предизвикува паника и незадоволство но исто така и фрапантно звучи податокот дека хирурзи при, рутински оперативни зафати, од некои причини, отстрануваат погрешни органи или делови на тело. Истржувањата на оваа тема покажаа дека медицинските грешки, настанати во болниците и други здравствени установи во САД имаат една заедничка димензија со оглед дека секоја година умираат околу 250 000 луѓе што е многу повеќе од последици на респираторни болести, различни несреќи, мозочен удар итн.[19] Како заклучок се изведува дека луѓето повеќе

[18] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012
[19] Mirza Totić- Pravno shvatanje namerne lekarske greske

умираат од последици на користење на медицински услуги, отколку од болеста за која таа услуга е пружена.

4. Неукажување медицинска помош

Како специфично дело во КЗ на РСМ кое спаѓа во главата на кривични дела против здравјето на луѓето е и делото под чл.208 од КЗ, а тоа е Неукажување медицинска помош. Се работи за дело кое по својата природа е омисивно (неукажување) со тоа што како друга специфичност и како специјален субјект на извршување се јавува само лекар или друг здравствен работник. Лекарската дејност е специфична и комплексна и како таква е покриена со повеќе законски акти и се изучува и во медицинското право, како посебна правна гранка. Карактеристично е тоа што од лекарот се бара не само стручност и компетентност, туку и придржување кон етичкиот кодекс (Хипократова заклетва и совесно, свесно и хумано постапување). Ова е дело со бланкетна содржина, бидејќи не може однапред да се прецизираат сите можни конкретни животни ситуации кои може да бидат прецизирани, при настанување на ова дело. Лекарот и здравствениот работник имаат должност што му ја налага самата професија, да пружи медицинска помош на лице или лица кои се наоѓаат во непосредна животна опасност. Лекарите имаат слобода во својата професија да одлучат дали ќе пружат помош во одредена ситуација или не, освен во три ситуации и тоа кога фактички имаат превземено претходно лекување на одредено лице, второ во ситуација на итна интервенција кога со тоа се занимава (брза помош) и трето кога некое лице се наоѓа во непосредна животна опасност. Овие три ситуации се инкриминирани со ова дело и претставуваат основ за кривично правна одговорност на лекарот, стоматологот или некој друг здравствен работник. Основното дело се врши како одбивање на лекарот да даде медицинска помош или игнорирање на повикот за помош или пропуштање да се даде помош, иако таа не била побарана од него, но тој знаел дека треба да ја пружи. Во овие ситуации не е важен начинот на кој лекарот научил, односно добил информација дека треба да интервенира. Класичен пример на неукажување на лекарска помош имаме на пример ситуација кога давеник е изваден на брегот, луѓето повикуваат за

помош, а лекарот кој случајно се наоѓа таму и ја прати целата ситуација таму, го игнорира повикот за помош. Или на пример, случај на неукажување на итна медицинска помош на лекар на кој тоа му е професија (брза помош) кој на повик за интервенција на постар жител од далечно село, реагира на таков начин што се информира за возраста на пациентот и ако се работи за постаро лице чека повторен повик или воопшто не оди со изговор дека немаат доволно екипи за на терен. Ситуацијата на кривична одговорност постои и кога лекарот фактички презел лекување на пациентот и одбива повторно да го стори тоа. На пример, лице кое е тешко болно (смртоносна болест) и долго се лекува, добива исти медикаменти, третман и лекарства и на негово повторно барање лекарот одбива да пружи помош. Во објективната стварност, настануваат ситуации кога лекарот ниту субјективно, ниту објективно не може да даде помош од оправдани причини. Битието на ова дело нема да биде остварено ако лекарот и самиот не бил во добра здравствена и физичка состојба, ако на пример наеднаш морал да интервенира кон повеќе лица, (сообраќајна незгода со повеќе повредени лица) или објективно немал на располагање медицинска опрема и инструменти кои се неопходни за давање на таква помош (недостаток на завој, апарат за реанимација..). Исто така под удар на кривична одговорност се наоѓаат и дејствија на лекарот кои се однесуваат на итно укажување на медицинска помош на лице кое бара таква помош, а истовремено е заболено од тешка заразна болест. Но, ако кај таквото лице не е нужна итна интервенција, не постои одговорност кај лекарот. Во претходната ситуација на виделина се појавува институтот должна помош, односно ситуација кога одредени професии како што е лекарската, се должни да се изложат на опасност. Овде улога играат и етичките вредности, етичките начела кои заедно со законските поаѓаат од претпоставки дека лекарот не може да го оправда своето неангажирање во конкретна ситуација, со изговор дека доаѓа во опасност неговото здравје, сигурност и живот. Единствено оправдание може да се најде во постоењето на виша сила која би го спречила постапувањето на лекарот. Постојат ситуации кога лекарот треба да даде помош која не е од неговата струка и професија и тогаш отпаѓа примената на чл.208 од КЗ на РСМ и ќе се покрие со делото од чл.136 од КЗ на РСМ, а тоа е неукажување помош. За довршување на ова дело битен е моментот на неукажувањето на неопходната медицинска помош, при што законодавецот не го казнува самото спречување на тешката последица, туку непостапувањето на лекарот во ситуација на должност да даде помош. Лекарот во такви ситуации не е обрзан да го гарантира спасувањето на нечиј живот, туку само да постапи во согласност со својата

стручност, знаење и професија. Кај овие дела лицето на кое му се укажува помош, е пасивен субјект и се наоѓа во ситуција опасна по живот која значи дека мошне брзо може да настапи смрт, на едно или повеќе лица. Делото е умислено што значи дека лекарот треба да биде свесен да го сфати значењето на ситуацијата, затоа што, ако кај него постои заблуда за опасноста, тогаш се исклучува неговата должност да постапува. На пример, лекар поминува покрај извор на минерална вода, од кој ретко се случува да избие смртоносен метан. На тоа место лекарот здогледува две лица кои покрај изворот лежат кои всушност биле веќе затруени, полнејќи вода од самиот извор и мислејќи дека се одмараат тој бил во заблуда за настанатата ситуација, односно не бил свесен дека настанала ситуација, опасна по живот во која тој треба да пружи медицинска помош.

За основното дела од чл.208 ст.1 од КЗ на РСМ законодавецот предвидел парична казна или затвор до 1 година, додека ст.2 од истиот член ја опфаќа одговорноста за потешки последици, односно настапување на смрт на лицето на кое не му е укажана помош, каде сторителот ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години.[20] Ако кај лекарот постои умисла која оди кон лишување на живот на лицето, тогаш делото го губи својот карактер на дело против здравјето на луѓето и ќе се преквалификува како дело против животот и телото.

5. Надрилекарство

Надрилекарството или квази лекарството е кривично дело кое настанува, кога лице кое нема стручна подготовка во областа на медицината, се занимава со лекување. Делото го опфаќаат занимања со лекување или давање на медицинска помош. Делото е конструирано како апстрактно загрозување и опфатено е казнување на самото занимање со лекување или давање на медицинска помош без пропишана медицинска подготовка, без оглед дали поради тоа настанале некои штетни последици. Во првиот случај тој се јавува во улога на лекар и се претставува како лекар, а во вториот случај

[20] Кривичен законик на РСМ чл. 208, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

презема дејствија на лечење кои ги вршат други здравствени работници на пример лице кое работи како физиотерапевт, врши естетски хирушки интервенции итн. Занимањето значи дека се вршат истоветни дејствија континуирано или пак преземање на едно дејствие кое пратставува започнување на реализација на понатамошни, повеќекратни истовидни дејствија. На пример набавка на инструменти за отварање на стоматолошка ординација. За постоење на ова дело е ирелевантно дали давањето на медицинска услуга, односно лекувањето се врши за награда, односно без награда, така да делото ги опфаќа оние кои се занимаваат со бесплатно давање на лекарски услуги. Не е важно дали самото лекување или медицинска постапка завршиле успешно или неуспешно. Кај ова дело е потребна умисла, односно свесно и намерно лицето ги презема дејствијата.[21]

Извршител на делото занимање со лекување или давање медицинска помош го врши лице кое нема пропишана стручна подготовка, на пример студент или болничар кои се занимаваат со лекување. Појавата на надрилекарството е нашироко практикувана и позната е под името лекарска измама. Исто така се користи изразот псеудо медицина која опишува третмани кои се неефикасни без оглед дали некој верува во нивната ефикасност. Понекогаш е тешко да се одвои она што некој го промовира како медицински третман, од она што некој на грешка го прави. Така за да биде некој случај одреден како надрилекарство или измама, надрилекарот мора да биде свесен за своето лажно претставување и дека постои ризик во ефикасноста на понудените медицински услуги. Непроверени и неделотворни лекови биле продавани во тек на целата човекова историја. Понекогаш се правеле и театарски претстави за да се зголеми веродостојноста и популарноста на т.н лекови. Најчесто зад сите тие промоции стоеле неделотворни и неефикасни состојки кои немале никаква медицинска вредност, ниту дејство, а служеле само со нив добро да се заработи. Корените на надрилекарството се наоѓаат во минатото кога медицината не била развиена, но се провлекува до денешно време. Модерната медицина смета дека надрилекарството е промоција на неодобрени и вештачки здравствени третмани заради остварување на профит. Надрилекарството несомнено постои и денес и може да се најде во било која култура и медицинска традиција. Брзиот напредок во информатичката технологија и развојот на информатичкото општество, како и појавата на интернетот, овозможи нова прилика за процут на нерегулирано тргување со надрилекарства и нивно лесно рекламирање. Сите

[21] Владо Камбовски- Коментар на кривичниот законик на Република Македонија, Скопје 2011

ние сме сведоци како социјалните мрежи се преплавени со модерни облици на надрилекарство, во облик на претставување на чудесни средства на лечење и средства чиј квалитет е сомнителен и непознат (на пр. средства за губење на телесна тежина, за подобрување на сексуалната моќ, за подмладување, за раст на коса итн.).

Надрилекарството денес го шири својот круг на конзументи. Иако, се мислеше дека најмногу ги опфаќа хронично болните и старата популација на население, денес, ги опфаќа и адолесцентите и младата популација, така да, пазарот изобилува со производи кои државните агенции за храна и лекови ги сместуваат како потенцијално надрилекарство. Тука се средства за зголемување на гради, стероиди, хормони за раст, пилули за потемнување на кожата, растење или отстранување на влакна итн. Надрилекарството користи ненаучни методи и цел на измамата се категории на население со пониска здравствена култура и знаење злоупотребувајќи ја нивната доверба. Тоа му штети не само на луѓето, туку, ја поткопува и медицинската наука и таа треба жестоко да се справува со надрилекарството.

Исто така постојат интернет страници за анти надрилекарство, кои им помагаат на потрошувачите, но исто така и на професионалците во медицината. И покрај огромниот напредок на науката и медицината, сепак пациентите го прифаќаат надрилекарството и покрај неговата очигледна неефикасност. Постојат и практични причини за ова. На пример плацебо ефектот е психолошки феномен кога одредени лекови за кои се знае дека немаат ефект во лечење можат да влијаат на перцепирање на болеста. Тој ефект не е на биолошка основа, туку пациентот кој зема неадекватно средство за лечење (на пр. обична бонбона му се дава како да е таблета) предизвикува кај него состојба на свеста дека има подобрување на здравјето или смалување на болката. Друга состојба која оди во прилог на надрилекарството е склоноста на луѓето да ги интерпретираат информациите спрема своите уверувања и претпоставки. Недовербата во конвенционалната медицина е појава од понов период која се јавува како резултат на брзиот напредок на медицината, кој доведува и до неможност да се прати тој напредок. Таа како контра ефект создава недоверба кај голем број на популација кон фармацевстките корпорации и ‘‘ псеудо медицината ‘‘ е одговор на дискриминацијата меѓу конвенционалната медицина и квази медицината.

Активистите кои се борат против надрилекарите се обвинети дека се дел на големата завера наменета за сузбивање на неконвенционалното лечење. Обвинувањето оди кон

фармацевтските компании кои наводно ги финансираат и помагаат се со цел да ја сочуваат својата моќ и да го зголемат своето богатство.

Стравот од несакани ефекти е присутен кога се појавуваат нови лекарства со непознати контраиндикации. Исто така многу луѓе се плашат од операции и нивните последици, па затоа лесно прибегнуваат кон алтернативна медицина (надрилекарство). Иако конвенционалната медицина нуди сигурни и ефикасни лекови и третмани, тие се недостапни за голем број на пациенти поради високата цена и затоа лесно прибегнуваат кон поефтина алтернатива. Луѓе со сериозни болести или луѓе кои се наоѓаат во тешка фаза на болест и безизлезност, пробуваат секакви проверени и непроверени средства во надеж за спас знемарувајќи притоа дека постои недостаток на научни докази за нивната ефикасност или дека самите методи на лечење се неефикасни, па дури и опасни. Луѓето често сами и неповикани го оправдуваат некој т.н. лек за кој вложиле средства несакајќи да признаат дека е неефикасен и го рекламираат и препорачуваат. На територијата на Балканскиот полуостров, па и во нашата земја, сеуште оперираат неутврден број на надрилекари, кој број се претпоставува дека се неколку стотини. Користат различни начини и методи на т.н. лечење, со кој ги измамуваат пред се несреќните, болните и лесноверните луѓе. Неретко тие своите техники ги користат посредно и непосредно, како на пример со помош на фотографии и телефонски повици.

Надрилекарството и обидите да се измамат болни луѓе постојат откако постои човештвото. Затоа задача на современото општество е да вложува во освестување и едукација на граѓаните, но и да го јакне владеењето на правото и правната држава и со закон јасно да се дефинира и спроведува казнувањето на измамниците. Правната пракса кај нас изобилува со процесуирани случаеви на лица кои се занимаваат со надрилекарство. Таков еден пример е случај на обвинетата С.Д. затоа што на почетокот на 2021 година во својот дом во Штип, со намера да стекне противправна имотна корист, без пропишана стручна подготовка се занимавала со лекување и на оштетените С.Ц. и И.Ц. од Струмица им давала медицинска помош со надрилекарство за болести како корона, дијабетис, опаѓање на коса и др. Спакувани со разни натписи и етикети, им ги пуштала по карго пошта, при што им наплаќала висока сума. За ова дело обвинетата е осудена кумулативно на условна осуда, на една година со утврдена казна

од 3 месеци затвор и парична казна во износ од 200 евра во денарска противредност. (К.бр.20/22)[22]

6. Недопуштено пресадување на делови од човечко тело

Последните децении се обележани со голем напредок од многу научни области, теоретски сознанија и нови технологии. Глобалните комуникациски системи, медиуми и други технологии ги направија овие научни сознанија и технологии достапни на огромен број на луѓе. Медицинската наука и биологијата го остваруваат можеби најзначајниот напредок во областа на генетиката и генетските техники.[23] Овој цивилизациски напредок произведува и низа несакани опасни последици. Медицината и етиката како неразделен дел од неа се наоѓаат на константен удар на нови до неодамна непознати дејствија кои му штетат, го нарушуваат угледот и претставуваат основ за нови инкриминации во кривично правната област поврзани за медицината и лекарите. Трансплантацијата е пресадување на клетки и ткива и органи од едно место на друго на организмот или од еден на друг организам. Од исто или различно место, на ист организам или од еден организам на друг организам се со цел пресадениот дел од телото (трансплатат) на новото место да ја започне својата функција. Трансплантацијата во блиска иднина ќе има големо значење поради се поголемиот број на нови откритија во таа област како што е инженеринг на органи во лабараториски услови, клонирање, трансплатнација на матични клетки на зачеток итн. Историски гледано, првите информации за трансплантации на делови на човечко тело се мошне стари и датираат уште од 3000години пред нашата ера, со откривање на папируси на старите Египќани каде постојат записи за трансплатација на кожа, на нос и на ушна школка. Сепак најголем продор пресадувањето (трансплантацијата) оствари во втората половина на 20тиот век. Медицински индикации за пресадување на органи се сите состојби на организмот кај кој дошло до трајно оштетување на одреден дел од телото или оштетувањата се такви што значително го нарушуваат здравјето и го загрозуваат животот. Пресадувањето на делови од тело е регулирано со закон, со оглед што со овај метод на лечење се задира во физичкиот интегритет на донаторот и примачот

[22] www.vsrm.mk
[23] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

(реципиентот). Податоците за донаторите и за примачите на делови на тело претставува професионална тајна. Секоја информација што се однесува до одбирање на донатор, начин и место на земање на органи, ракување со постапката или пак изборот на реципиент може да има штетни последици од медицински, етички и правен аспект. Во РСМ оваа област е регулирана со закон за земање и пресадување на делови од човечко тело заради лекување со кои се уредуваат условите на земање, чување, обработување, разменување, преместување и пресадување на делови од тело заради лекување. Пресадувањето се врши од донатори кои се лица кај кои настапила мозочна (церебрална) смрт, а само исклучително можат да бидат и живи луѓе донатори. Земањето на делови од тело е дозволено само во медицински оправдани случаеви односно, ако тоа претставува најповолен начин на излекување на пациентот. При трансплантацијата најважно е деловите од телото да се земаат на медицисnки дозволен начин во здравствени установи кои се регистрирани и оспособени за ваква дејност. Ова се поистоветува со првиот став на кривичното дело од чл.210 од КЗ на РСМ каде се вели дека делото го прави тој што ќе земе дел од телото на друг заради пресадување или на друг ќе му пресади дел од телото во случај кога пресадувањето е спротивно на закон.[24] Дарувањето на делови од човечко тело мора да биде доброволно и без надоместок и забрането е да се примаат пари или било каква друга корист за дарувањето, а во корист може да се смета и давање на услуги (вработување, стекнување на диплома или други погодности). Законодавецот ги исклучил од недозволено стекнување на материјална корист, од дарување на органи,надоместоци кои се однесуваат на загубена заработувачка на живи дарители, оправдани трошоци при земање на делови на човечко тело (прегледи, испитувања) недоместок на трошоците поврзани со самото пресадување, надоместок кога настанала штета како последица од земањето човечки делови од човечко тело, како и трошоци кои се поврзани со земање делови од мртов донор или поврзани со проценка на квалитетот на деловите од телото. Кај ова дело е мошне битно да се изврши прецизирање на правниот статус на донаторот и на примачот и да се прецизира кога е исклучена противправноста на дејствието на пресадување на органи, бидејќи самото извршување на дејствието е физичка повреда. Во согласност со ова, законот за земање и

[24] Кривичен законик на РСМ чл.210, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

пресадување на делови од човечко тело прецизира дека од жив донор, орган може да се земе само со негова согласност, додека за лицата кои се малолетни, лицата со одземена деловна способност, согласност даваат старателите. Согласноста мора да биде дадена во писмена форма, во претходно спроведено информирање и да се однесува само на предвидениот медицински зафат. Согласноста за пресадување на органи живиот донатор може да ја отповика во било кое време или може да ја услови, односно дадениот дел да биде пресаден на конкретно определено лице, под услов тоа лице да е во крвно сродство во права линија, а во странична линија до четврти степен, односно негов брачен другар, посвоеник и посвоител. Како донатори можат да се јават и умрени лица. Според меѓународни прописи, како момент на смртта се смета мозочната смрт бидејќи современата медицина со посебни, науно-технички достигнувања и опрема може да го одржува организмот или некои негови органи во функција, (срцево работење, телесна температура итн). Од овие лица може да се земат делови заради пресадување, ако за време на животот не се противеле на тоа изречно или во писмена форма. За починато лице кое претходно дало согласност, сепак неговите живи и блиски сродници кои се таксативно наброени во законот (деца, сопруг-а, браќа, сестри итн.) може да го спречат донирањето, ако тоа го изјават сите и непосредно по констатирањето на смртта. Ако донаторот има повеќе од две деца, потребно е мнозинство, а ако има едно или две потребна е нивната заедничка согласност. Моментот на утврдување на смртта е битен за инкриминација на дејствието од став 2 од чл.210 на РСМ каде законодавецот го казнува тој што со намера за пресадување ќе земе дел од човечко тело пред да е утврдена смртта според пропишан начин. За таквото дејствие сторителот се казнува од три месеци до пет години. Примачот на органи за пресадување дава писмена согласност која е важечка само ако е дадена без принуда и после негово информирање за природата и целта за пресадувањето на дел од тело, опасноста на која се изложува како примач и веројатноста за успехот на медицискиот зафат. Кога примателот е малолетно лице или душевно заболено лице, писмена согласност даваат родителите или старателите. Давањето на согласност на давателот, односно примателот на органи е законско битие на ставот 3 од чл.210 од КЗ на РСМ, при што се напоменува дека таа согласност треба да ја даде лично давателот или примачот или нивниот законски застапник и самата изјава треба да е јасна, прецизна и недвосмислена и истата треба да биде дадена и пред медицинскиот зафат на земањето на дел од тело или пресадување на дел од телото. Исто така законодавецот не ја прифаќа т.н. претпоставена согласност и постоењето на делото во таква ситуација не е

исклучено. Денес со трансплантација на органи со најсовремени и најдокажани методи неизлечивите болни станаа излечиви, а и самиот квалитет на живот им е подобрен. Меѓутоа за жал денес од ден на ден се јавува еден нов облик на организиран криминал кој е во се поголема прогресија и претставува еден од најголемите злосторства на денешницата, а тоа е тргувањето со човечки органи кое веќе стекнува транснационален карактер. Дека се работи за злосторство од големи размери, зборува фактот дека целиот процес се одвива под покритие на добро структуиран, хиерархиски поставен организиран криминал. Заработките се огромни бидејќи самите примателите немаат што да изгубат и спремни се да платат секаква цена за да го спасат или сочуваат животот. Трговијата со органи е голем предизвик за државните органи и правните институции, затоа претставува глобален проблем. По заработка на светско ниво, трговијата со органи доаѓа веднаш по трговијата со дрога и трговијата со оружје. Специфично за овој вид на криминал и илегален бизнис е тоа што како жртва може да биде било кој без обзир на раса, пол, боја на кожа, физички изглед, социјален статус, образование, старост итн. бидејќи сите тие може да бидат жртви под услов да се релативно здрави. Сепак најчесто како жртви се јавуваат сиромашните луѓе. Криминалците со незапирлива желба за богатење ги искористуваат сиромашните низ целиот свет кои се на работ на егзистенција и присилени се да ги продаваат своите органи, за кои им е речено дека можат и без нив да живеат. Во овој вид на криминал не се почитуваат ни основните медицински правила, бидејќи самото пресадување мора да се изведе во многу краток рок и да се дадат на примателот што алудира на тесна соработка и на некои здравствени институции со организираните криминални банди. Тоа доведува до заклучок дека човечкото тело има своја цена која варира и зависи од понудата и побарувачката на пазарот.

Денешното глобално информатичко поврзување низ целиот свет, односно интернетот е уште една корисна алатка на криминалците, односно на трговците со органи за пронаоѓање на жртви на брз и лесен начин. Тој гарантира анонимност, достапен е на сите, на секое место и во било кое време. Ако го гледаме фактот дека секој човек господари со своето тело, доаѓаме до контраверзно прашање, дали е законски оправдано да се казни лице кое е актер во продажбата по своја волја и продава еден од своите органи, односно зошто не смее да продава орган, а смее да ја продава својата крв. На ова се надоврзува прашањето дали таквото лице е свесно за својата постапка и можните последици. Нашиот закон за земање и пресадување на делови од човечко тело

заради лекување, забранува, давање и примање на паричен надомест или друга имотна корист за донирање на орган што е во секој случај оправдано. По претпоставка да ја нема оваа одредба, се наметнува прашањето, дали може да се зборува за слободна волја на лицето кое ќе биде донатор на органи. Во прашање е секако најсиромашната популација која ќе биде најмногу на удар. За очекување е во таква ситуација да дојде до кривични дела кражба на органи, но и дехуманизација на општеството, бидејќи ќе исчезне тој елемент на дарување.

Ова дело е инкриминирано во став 4 во чл.210 од КЗ на РСМ и се казнува со казна затвор,од најмалку 4 години.

Судската пракса во нашата држава е изразито сиромашна со оглед на тоа што овие дела тешко се откриваат, бидејќи доказите можат да ги дадат или жртвите или самите сторители што не им е во интерес. Колкава е темната бројка на вакви случаеви можеме само да претпоставиме. Трговијата на човечки органи опфаќа и грабнување на мажи, жени и деца со цел отстранување на органите.

Во поново време подрачјата и земјите опфатени со воени конфликти, се покажаа како погодно тло за појава и пораст на трговијата со човечки органи. Како пример ќе го споменам конфликтот на Косово 1999 година кога е откриена една од најголемите афери и злосторнички активности на трговија со човечки органи. Се работи за познатиот случај ,,Жолта куќа‘‘(наречен според бојата на објектот каде се вршени кривични дела), односно откриени се доказни материјали за тешки кривични дела на недозволено отстранување на човечки органи. Имено во книгата ,,Јас и воените злосторници‘‘ од бившата тужителка на Хашкиот трибунал за злосторства на територијата на поранешна Југославија Карла Дел Понте изнесе податоци дека во 1999 година биле киднапирани преку 300 срби и транспортирани во т.н. жолта куќа, каде што им се вадени органите и потоа дистрибуирани во Италија и низ цела Европа. Истрагата на Хашкиот трибунал потврди дека во жолтата куќа се пронајдени разни предмети за кои постоеше основано сомнение дека се користени за вадење органи на киднапираните срби. Пронајдени се разни предмети, лекови, раствори и остатоци од разни лекови кои се користат при хируршки интервенции.[25]

Оваа област од кривичното право е регулирана со голем број на меѓународни документи, резолуции и протоколи. Цел на овие конвенции претежно е заштита на

[25]Карла Дел Понте- ‘‘Лов‘‘

честа и достоинство на секој човек и заштита на неговите основни слободи и права. Што се однесува на примената на биолошки медицински мерки, целта е да се стави интересот на човекот и индивидуата како врвна вредност, пред интересите на науката и општеството. Целта на ова начело е ставањето на индивидуалните вредности над колективните и хуманизација на општеството и отстранување на можните злоупотреби на човечкото тело, за наводни повисоки интереси на заедницата и човештвото. Конвенцијата од Овиедо 1997 год им налага на земјите потписнички да создаваат заштитен правен механизам и да предвидат санкции за прекршување на забраните и правата гарантирани со неа.[26] Ова е најважниот меѓународен документ кој ги опфаќа скоро сите аспекти на трансплантацијата, но сепак остава простор земјите потписнички да го прилагодат и да ги постават основните начела на дозволеното пресадување на биолошки материјал од човечко потекло. Непосредно дело поврзано со претходното е и делото од чл. 210 од КЗ на РСМ кое се однесува на неовластено земање и складирање генетски и биолошки материјал со намера да се користи и да постапува со него и за кој е предвидена парична казна или казна затвор од една до три години.

Генетски материјал претставува биолошки преносител на наследни особини, додека пак биолошки материјал е супстанца која се создава во живите организми. За постоење на ова дело потребно е дејстие на неовластено земање на биолошки или генетски материјал, со намера тој да се чува за идно неовластено постапување и користење.

7.Несовесно вршење апттекарска дејност

Фармацевтската струка е една од најважните и незаобиколни делови од медицината која битно влијае врз конечното излекување на луѓето. Пред се, се мисли на аптекарската дејност која треба исто како и лекарската да се обавува стручно и професионално. Историски гледано фармацијата и аптекарите, долго време се сметаа како продолжена рака на лекарите.[27] Без малку беа потиснати, така да, фармацијата помина голем период на продирање за нејзино постоење како посебна гранка на медицината. Таа борба за самостојност датира уште од 17 век на Европскиот континент. Додека во Америка се до 19тиот век немало одделување на аптекарската и лекарската

[26] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

[27] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

дејност и лекарите биле истовремено и апттекари. Денес кога фармацевтската професија е издвоена од лекарската се јавува дилема, каде завршува лекарската, а каде почнува фармацевтскиот третман. Објект на заштита е секако човековото здравје. Интензивниот научен и технолошки напредок во медицината, бара следење на сите промени, начинот на примена на сите технологии и производи, но истовремено и санкционирање од страна на правото на можните професионални грешки, новиот технолошки и биомедицински напредок на фармацевтите им наметнува нови етички предизвици. Многу прашања поврзани со аптекарската дејност и фармацевтската пракса се поврзани со етиката и моралните постапувања. Ова е особено важно кога од нив се бара да донесат одлука која ќе има директно влијание врз правата на пациентите. Како примарно е фармацевтската здравствена заштита да се обавува во согласност со моралот, професијата и законските прописи. Според кодексот на професионалните и етички должности и права на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата, тој претставува збир на начела врз основа на кои фармацевтите се должни да постапуваат вршејќи ги своите стручни и професионални активности.[28] Тие треба да бидат спремни со знаење и вештини со цел да ја преземат одговорноста за исходот на лекувањето при употреба на лековите. Нивната струка и вештина бара способност за подготовка на лекови и други медицински производи, грижа за пациентот, како и управување со терапијата со лекови. Според кодексот, приоритет на фармацевтите е здравјето на пациентот и негови должности се да презема постапки кои ќе доведат до позитивен исход во лечењето на определено заболување. Фармацевтот треба да го издаде лекот или друг медицински препарат само кога претходно ќе го поучи пациентот за начин на негова употреба и ќе се увери дека правилно го разбрал начинот на неговата безбедна употреба. Тој исто така треба да го прави и кон пациенти со проблеми со слухот, видот и говорот. Во текот на своето работење, фармацевтот не смее да ги задоволува комерцијалните цели на работодавачот на штета на пациентот. Постојат и ситуации и кога фармацевтот треба да се консултира со лекарот, во случај кога во рецептот оцигледно постои нејасност, грешка или противправност и дека тоа ќе биде на штета на пациентот, како и кога пропишаниот лек може да биде злоупотребен. Фармацевтската пракса ги опфаќа сите активности на фармацевтите во системот на здравствена заштита кои се однесуваат на фармацевтските услуги, фармацевтската здравствена заштита и фармацевтските

[28] Кодекс на професионалните етички должности и права на здравствените работници со високо образование во областа на фармацијата

производи. Денешната фармацевтска пракса е дизајнирана така да сите фармацевти се во обврска во своето секојдневно работење на корисниците да им осигураат квалитетна услуга како би се подобрил квалитетот на животот на пациентот. Фармацевтската здравствена заштита е процес кој подразбира соработка на аптекарот со пациентот и со други здравствени работници, при издавање на лекови. Издавање и надзор над терапијата, управување со болести како и учествување во медицинската пракса, консултација за употреба на лековите и истражувања за исхотод на услугите на здравствената заштита и се тоа со цел да се постигнат подобри резултати и да се подобри квалитетот на животот на пациентот. Практично тоа значи дека фармацијата треба да направи се што е можно за да се постигнат позитивни резултати со терапијата на пациентот. Со самото тоа, фармацевтската здравствена заштита има една друга морална димензија на емотивна посветеност за доброто на пациентот, а и сочувство и грижа кон него. Фармацевтската професија е изградена врз тие морални постулати, но исто така е и законски регулирана и затоа бара големи и теоретски и практични знаења. Здравствениот систем кај нас е под постојани реформи и правна регулатива која ги прати новите трендови. Фармацевтите имаат улога за одговорно снабдување на населението со лекови и медицински средства, но исто така имаат улога во превенција на болестите, пратење на несакани реакции на лекови, на медициски средства и со тоа постои се поголема интеракција, помеѓу пациентите и фармацевтите. Тие се вклучуваат и во лечење на пациентите со давање додатни совети за лекарствата, начинот како тие се користат, за симптомите на болестите со цел да се зачува здравјето на пациентите. Контактирањето со секој пациент како поединец предвидува поголема морална одговорност кај фармацевтот и затоа од него се бара професионалност и почитување на високи професионални и морални стандарди како важен дел од фармацевтската пракса. Фармацевтската цел е правилна примена на лекот, односно спречување на несакани последици. Улогата на аптекарот е најнагласена во овој дел и затоа тој е должен да дава усмени и писмени упатства за правилно користење на медицинските производи. Затоа во склоп на фармацевтската грижа спаѓа и превземање на соодветни мерки како што се водење на фармацевтски записи кои содржат податоци за историјатот на лекувањето на пациентот, претходно издадени и користени лекови, терапии, а се со цел за постоење можност од зачестување и употреба на нови лекови во терапијата, заради негово излекување. Едно од основните должности на фармацевтот е соопштување на пациентот информации за самиот лек. Ова е основната должност на фармацевтот, при создавање на рецепт, но уште повеќе, при издавање на лекови без

рецепт, кога фармацевтот треба да издаде лек директно врз основа на користење на своето знаење и искуство, а со крајна цел за излекување на пациентот. Соодветно на ова, фармацевтот не смее да ја злоупотреби неукоста на пациентот и во таа насока да издаде погрешен или несоодветен лек и се со цел за некоја финансиска корист. Овие случаеви носат и правни импликации. Работењето на фармацевите е во сооднос со фармакологијата која буквално значи наука за лековите и нејзина главна цел е изучување на дејството на лековите и други супстанции со лековито дејство врз организмот заради лекување на одредена болест. Фармакологијата е поделена на дел кој го изучува влијанието на лекот врз организмот на човекот и на дел кој го изучува влијанието на реакцијата на човековиот организам на одреден лек. По дефиниција лекот претставува средство, материја или одредена помош од било каков вид кој кога ќе се применат имаат за цел да се отстранат несакани тешки последици. Според законот за лекови и медицински помагала постои биолошки лек, имунолошки, референтен лек, генерички лек, галенски лек, хербален лек, хомеопатски, традиционален и лек добиен со преработка на крв или човечка плазма.[29] Лековите покрај тоа што имаат позитивно дејство имаат и штетни последици по човековото здравје што е резултат на самата природа на лекот и начинот на неговиот развој и истражување од страна на фармацевтската индустрија и се поставува природно прашање, колку е сето тоа во интерес на крајниот конзумент, односно пациентот. Познат е изразот ‘‘штетна последица,, на лекот која всушност значи дека ниеден лек не е идеален, но исто така означува и контраефект на третманот кон пациентот и затоа се јавуваат тие несакани последици. Тие штетни последици може да бидат во вид на грчење, алергија, предизвикување на зависност на организмот. Некои од лековите своето штетно дејство го покажуваат во комбинација со други лекови и со комбинација со храна и јадење. Постои и можност одредени, често давани и препишувани лекови како што се антибиотиците да доведе до нивна неефикасност меѓу населението и до резистентност (отпорност) од штетни микроорганизми. Несаканите реакции на лековите и медицинските помагала и производи, Законот за лекови и медицински помагала ја опишува како штетна реакција од лекот кој се зема според пропишаниот начин на употреба. Постои и сериозна несакана реакција на лекот под која се подразбира несакани последици како смрт, загрозување на животот, продолжување на болничкиот третман, трајна онеспособеност итн. Тоа е онаа реакција која не е во

[29] Закон за лекови и медицински помагала

согласност со карактеристиките и предвидувањата за особините на лекот. На пример масовни реакции и поделеност меѓу стручната јавност и конзументите за непредвидливите и несакани последици од вакцината за корона вирусот. За потреба од следење на насаканите дејства на лековите кај нас постои Национален центар за следење на тие несакани дејства кој е воспоставен со закон. Овај центар прибира информации и ги оценува штетните дејства на лековите или нивна злоупотреба и истовремено прибира информации од страна на здравствените работници, лекарите кои имаат должност да го известат Националниот центар, веднаш чим приметат несакани реакции, при употреба на некој лек.[30]

Покрај грешките во случај на лекарски третман кој се казнено правно покриени, во медицината постојат и грешки предизвикани при давање и употреба на лекови. Овие грешки може да бидат многу сериозни и да предизвикаат тешки последици по здравјето. Грешките при лекувањето не може цврсто да се одделат од оние дејства за кои е одговорен и лекарот. Некогаш фармацевтите се во улога да ги поправат и корегираат грешките на лекарите, но исто така и истовремено значи и лична одговорност. За да се намалат ваквите ситуации, создадена е класификација на лекови, па спрема тоа тие се разликуваат и се поделени врз разни критериуми, како на пример лекови што се издаваат само на рецепт или лекови со мала токсичност и неможност за предозирање. За да се намалат или спречат несаканите последици од погрешна употреба на лековите, постојат редица практични мерки кои се и правно регулирани и во кои спаѓа безбедно пакување на лековите, јасно обележување, правилна селекција и набавка на лекови, но и пристап до евиденцијата на пациентот, безбедност во системот на создавање лекови итн. Во праксата е покажано дека сепак субјективниот фактор има најголем процент на учество во грешките поврзани со лековите. Тие грешки се јавуваат прво кај лекарите, кога погрешно ги пропишуваат, но и кај медицинскиот персонал, но и медицинските сестри кои прават грешки при администрацијата на лековите. Друга грешка се прави при ординирање на лековите кој значат донесување на одлука да се препише баш тој одреден лек и начинот на негово дозирање. Можеби звучи небулозно, но грешки настануваат и при самото пишување на рецептот, односно при лош ракопис. Но, исто така и кога лекарот дава усмени известувања за начинот на употреба на лекот. Ова наметнува прашање дали и кога лекарот задира во фармацевтската струка и кога

[30] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

завршува неговата улога, а кога почнува фармацевстката пракса. Оваа ситуација може да доведе до поделена одговорност, но и конфликт меѓу лекарот и фармацевтот.

Став е дека лекарите доминираат во утврдување на дијагноза и препишување на лекови, додека фармацевтот учествува во подготовка и издавање на лекот, а тоа значи дека на пример фармацевтот одговара за издавањето на лекови, при што од особена важност е да води сметка за старосната возраст на пациентот или да има во предвид кога некои лекови се неподобни за терапија, за одредена област, одредена болест и одредено лице. Аптекарска грешка постои кога аптекарот дава заменски лек во недостаток на оној што го препишал лекарот, исто сноси одговорност кога нецелосно или воопшто не го информирал пациентот за начинот на употреба на лекот. На ова се надоврзува прашањето за грешка на аптекарот, при дозирање на лекот. Таа настанува во услови кога лекарот пропуштил да ја назначи потребната доза и без консултација со лекарот го издаде лекот, по сопствено мислење, врз основа на своето искуство. Овој конфликт меѓу лекарот и фармацевтот доаѓа до израз кога фармацевтот, автономно може да не издаде лек кој е пропишан од лекар, ако заклучи дека таа терапија може да предизвика штетни последици по здравјето на пациентот. Во нашето законодавство, одбивањето на фармацевтот не е директно регулирано, но се изведува посредно преку законските норми со кои се забранува пуштање во промет, неисправни лекови или без пропишаниот квалитет. Подзаконските акти исто така забрануваат издавање на лек од страна на фармацевтот, доколку е препишан спротивно на тие акти или ако самиот рецепт на кој е запишан лекот е со недостатоци како што се име, дијагноза, шифра на болест, начин на употреба, количина на лекот итн. Исто и за аптекарот важи обврската дека во ситуација кога ќе се посомнева во исправноста на лекот, должен е да престане со издавање и да ја информира агенцијата за лекови.

Во КЗ на РСМ во врска со оваа проблематика е инкриминирано кривично дело од чл.211 од истиот како дело што го врши аптекар или друго овластено лице во подготвување или издавање на лекови кои ќе подготви или издаде лек спротивно на својата струка, односно ќе издаде погрешен лек и како резултат на тоа ќе дојде до доведување на опасност, на животот и здравјето на некое лице. Делото се казнува со парична казна или со затвор до една година, а ако е сторено од небрежност ќе се казни парично или со казна затвор до шест месеци. Со оваа инкриминација е опфатено и правно лице кое се казнува парично. Делото се состои од подготвување на лек и од издавање на погрешен лек. Со ова дело се штитат пациентите од несовесно работење

на аптекарите. Објект на заштита е здравјето и животот на луѓето, додека објект на дејствие е лек кој се употребува во медицината, согласно со Законот за лекови и медицисни помагала. Карактеристично за ова дело е што може да го изврши само аптекар или лице овластено за подготвување или издавање на лекови. Што значи дека спаѓа во така наречени delicta propria.

8.Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување

Во главата на кривични дела против здравјето на луѓето во КЗ на РСМ е инкриминирано дејствието кога некој произведува, продава или става во промет лекарства или други средства за лекување на луѓето кои се штетни за здрајето и ова дело на некој начин коинцидира со претходното. Умисленото дело е санкционирано со парична казна или со затвор до три години.[31] Со инкриминација е опфатено и небрежното извршување на ова дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до една година. Додека претходното дело го опфаќа несовесното препишување на лекови и нивно издавање, кај ова дело се работи за дејствија кој се однесуваат на производство на штетни лекови, нивно тргување, односно ставање во промет. Во овие дејствија спаѓаат и доставување на лекови за кои не мора да има договорена заработка, односно кога се работи за хуманитарна помош во вид на медикаменти. Така на пример, под такви дејствија може да се смета доставување на лекови или вакцини со изминат рок на траење. За да се смета дека се лековите штетни по здравјето, треба да бидат неусогласени со законската регулатива за нивно производство, исправност и употребливост. Ова се дела на апстрактно загрозување, односно, доволно е да се само произведени, да се дистрибуирани или да се продадени, без оглед на тоа дали настанала некоја штетна последица по здравјето на луѓето. Ако во случај настане и тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето, предвидена е затворска казна од една до десет години, додека ако како последица настапи смрт на едно или

[31] Кривичен законик на РСМ чл. 212, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

повеќе лица, предвидена е казна затвор од најмалку четири години. За небрежно постапување кога доаѓа до тешко нарушување на здравјето, казната изнесува од три месеци до три години.[32] Додека за небрежно предизвикување на смртен исход предвидена е затворска казна од шест месеци до пет години. Дваесетиот век е време на забрзан научен и технолошки развој во многу области, а посебно во медицината, бидејќи со неа се штити здравјето и животот и се продолжува векот на човековиот род, па се јавија некои дилеми во науката, а со тоа и во правото за тоа до каде е границата на дозволеното во областа на испитување, проверување, на сите нови медицински откритија, зафати, третмани, лекови итн. Светот и човештвото и ден денес се наоѓаат во голема морална дилема, каде што од една страна е сочувувањето на животот и здравјето на поединецот и на населението, а од друга страна и проверувањето на валидноста, соодветноста и квалитетот на новите медицински откритија.

Низ историјата постојат голем број на случаеви кога драстично е прекршен моралниот кодекс во медицинската наука и во медициските истражувања. Гранките како што се физика, биологија, медицина, зоологија, психологија, антропологија, генетика, инжињерство и др. се преполни со откритија до кои е дојдено во околности кои може да се наречат неморални, па дури и нелегални. Познати се експериментите од втората светска војна за нацистичките концентрациони логори каде на живи луѓе се вршеа експерименти кои се ставаа намерно во лоша здравствена состојба и на нив се испитуваа нови, непроверени лекови, методи на лечење, па и згрозувачки екперименти на пресадување на органи на делови од тело и друго, но и претходно во текот на 40тите години на 20тиот век научниците во САД го пратеа развојот на сифилисот на намерно заразени 100тици сиромашни црнци.[33] Оваа пракса продолжи и после втората светска војна кога се вршени експерименти врз жени, болни од рак на матката и на кои намерно им е ускратено лечење за да се прати развојот на болеста се до нивната смрт. После сето ова факт е дека многу лекови кои денес се користат, се резултат на грозоморни експерименти и се поставува прашањето, како денес, како цивилизација да се поставиме према употребата на тоа значење, посебно кога тоа му служи на човештвото и спасува животи. Познато е на пример дека лекот против маларија,

[32] Кривичен законик на РСМ. Чл. 212, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

[33] https://www.bbc.com/serbian/lat/svet-53835359

метадонот, анфетамините, како и истражувањата во однос на хипотермијата, дехидрацијата и др. настанале по пат на експериментирање врз луѓе во концентрациони логори. Како класичен пример може да се спомене и настанувањето на полио вакцината која своето постоење му го должи на човечки келии земени од Хенриета Лакс без нејзино знаење и одобрение.[34]Кога зборуваме за сите овие случаеви се поставува прашањето како и што да се направи со откритија и информации добиени на ваков начин. Особено во ситуација ако се работи за некој важен лек со кој се продолжува или спасува животот на пациентот, а поради не постоење на експеримент или проверка врз испитаници е забранет за користење на деца и бремени жени. Денес како посебна гранка во медицината која се занимава со примената и дејството на лековите врз човекот е гранката наречена, клиничка фармакологија.[35] Во оваа област се појавуваат сложени, но и важни процедури и постапки на лекарите и фармацевтите кои на правилен начин вршат медицински истражувања, но и експерименти со цел да се стекнат со податоци за квалитетот на лекот и да се намалат ризиците од негова употреба, но истовремено и да развиваат нови лекови. Со првично испитување на секој лек истовремено се поставуваат и стандарди за негово користење. Сите овие клинички испитувања истовремено се опфатени и со правна регулатива. Во оваа област правото има и една неблагодарна улога, односно се наоѓа пред голем предизвик како да ја регулира оваа област кога од една страна треба да се заштити животот и здравјето на луѓето од штетни лекови, но од друга страна да се даде слободна иницијатива на медициската наука во развојот и истражувањето на нови медицински третмани и лекови. Проблематично е каде да се постави таа правна рамка и до каде да задира правото во доменот на медицинското истражување, кога од друга страна се штитат витални добра на човекот, а тоа се здравјето, животот и телото. Завземен е научно-стручен став дека медицинските екперименти или истражувања треба да бидат крајно средство за превземање, при што треба да се измери важноста и целта на истражувањето, повторно водејќи сметка за заштита на пациентите и сведување на ризикот на минимум. Оваа тематика е разработена и во македонското законодавство, ама пред се во законот за лекови и медицински помагала. Секое испитување на лекови треба да биде извршено во согласност на принципите на лекарската етика и преку меѓународно признаен научен систем кој се однесува на евидентирање, контрола,

---

[35] Медицинско казнено право Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012

спроведување и информирање за испитувањата врз луѓе како и обезбедување на квалитетни податоци од испитувањата и истовремено заштита на правата и сигурноста кај испитаниците. Како примарно се предвидува редовна и квалитетна информираност за податоците на испитувањето, целта и природата на испитувањето и за можниот ризик што под тоа се подразбира, земање на писмена согласност на лице при вршење клиничко испитување, нивно осигурување во случај на штетни последици по нивното здравје и тоа кога тие последици настанале како резултат на клиничко испитување на лек. Постојат и подзаконски општи правни акти кои ја регулираат оваа материја, како што е Упатството за начелата на добрата клиничка практика каде се пропишани принципите и во која се опфатени меѓународните стандарди за квалитетот на спроведувањето на клиничките испитувања врз луѓе. Исто така уредена е и надлежноста, должностите, задачите и составот на комисијата која ги врши клиничките испитувања, како и оние кои ги презема подносителот за барање на клинички испитувања. Значајни одредби содржи и Правилникот за начинот и постапката на фармаколошко, токсиколошко и клиничко испитување на лековите кој го дава начинот, условите и постапката за фармаколошко, токсиколошко и клиничко испитување. Покрај сето претходно речено и покрај огромен број на статии, текстови, содржини и литература, неодминлив е впечатокот дека се случуваат слични појави, но на друг поперфиден начин. Изгледа постоела и ќе постои вечна борба меѓу етиката, интересите на јавноста и здравјето на поединецот од една страна и очигледните обиди за дискретна манипулација од страна на фармацевтската индустрија и медицинската наука, да се дојде до посакуваната цел, во која не изостанува и желбата за заработка и промовирање на нови медицински стандарди во производството на лекови, макар по цена и да бидат штетни по здравјето на луѓето. Медицината и медицинската технологија, незапирливо се движат напред и носат нови изуми кои до вчера беа незамисливи и за кои константно се раѓа сомнеж и потреба за нивно преиспитување, посебно во областа на производство на лекови, каде исто така правната регулатива ќе има значајна улога во обидот да се стави една привидна рамка или ограничување во оваа област и се во најдобра намера и со цел да се заштити она што е примарно, а тоа е здравјето и животот на луѓето како врвни и витални вредности на човекот, но и да се даде максимален простор до границите на ризикот за развој на медицината со најмала можна штета, за најголема корист на човекот. Денес постојат редица примери кои ја потврдуваат тезата за спротивставени интереси на фармацевтската индустрија и производителите на лекови од една страна и интересите на пациентите кои се крајни

конзументи и врз кои се рефлектира дејството на штетните лекови пуштени во промет. Како пример ќе го споменам случајот во Р. Хрватска од 2021 година кога поради сомневање во неисправност на лековите lotar и acipan истите се повлечени од пазарот.[36] Исто така пред извесно време, после 40 години од масовна употреба е повлечен лекот ranitidin. Тој е лек за кој уште одма се знаело дека во текот на метаболизмот создава метаболид со азот кој може да предизвика канцер. Карактеристично е што во вакви и слични ситуации производителот се оправдува со ненамерна грешка, иако добро се знае дека секој лек пред да се пушти во промет, се испитува во најмал детал. Слично е одобрен и лекот ciprofliksacin за кој се знае дека може да предизвика тешки воспаленија на тетивите и да го направи пациентот инвалид.[37] Исто како што компанијата Џонсон и Џонсон произведуваше пудра која содржеше состојка на база на азбест и како резултат на тоа, неколку илјади жени добија карцином на јајник. На пазарот сеуште постојат лекови кои произведуваат штетни последици како што е на пример sartan кој предизвикува тешки оштетувања на бубрезите.

Судската пракса во РСМ изобилува со случаеви во врска со кривичното дело, ,,Производство и пуштање во промет лекови штетни за здравјето‘‘. Во прилог ќе посочам неколку примери.

Пресуда (К.49/19) со која е осудена обвинетата П. П. За виновна затоа што во 2017 год како одговорна сестра во болничката аптека ставила во промет лекови кои се штетни по здравјето, на тој начин што од болничката аптека и покрај тоа што знаела дека лековите се со поминат рок, истите ги издала по одделенијата и болничката амбуланта. При што дел од лековите им бил даден на болнички пациенти со што било загрозено нивното здравје. Со овие дејствија, обвинетата сторила кривично дело од чл. 212 став 1 од КЗ на РСМ и и се утврди казна затвор од три месеци.[38]

Пресуда (К-178/20) против обвинетиот Н.Е. кој е прогласен за виновен затоа што во 2019 година набавил капсули ‘‘Трамадол‘‘ без рецепт од друг град и ги пуштил во

[36] https://www.b92.net/
[37] https://www.halmed.hr/
[38]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

промет, иако прометот на истите е строго контролиран. При претрес кај лицето се пронајдени над 800тини капсули и со наведените дејствија обвинетиот сторил кривично дело, Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување од чл. 212 став 1 од КЗ на РСМ. Поради тоа судот издаде казнен налог и на сторителот му е изречена алтернативна мерка условна осуда со која му се утврдува казна затвор во траење од три месеци, која нема да се изврши, доколку во рок од една година, истиот не стори ново кривично дело.[39]

Пресуда (К-3699/10) против обвинетите Б.З. , С.А. , А.М. кој се прогласени за виновни затоа што во 2010 година на влез во РСМ по претходен договор ставиле во промет лекови што се штетни за здравјето и тоа 61 кутија ВИЈАГРА од 100 мг кои се фалсификувани по својот состав, со оглед дека содржат активна супстанца пониска од декларираната, поради што се штетни за здравјето на луѓето. Тоа го сториле на начин што еден од обвинетите ја купил наведената количина во Приштина, од која количина одделил 40 кутии и ги задржал за себе, при што ги скрил во чорапите, џебовите од облеката и други делови од облеката, а 11 кутии и дал на обвинетата А.С. која истите ги скрила во рачна чанта и делови од џебови од фармерки, додека другите 10 кутии му ги дал на обвинетиот А.М. кој ги скрил во џебови од јакна и панталони и при влез во државата, при царинска контрола, обвинетите не ги пријавиле лековите ВИЈАГРА и при извршениот претрес од страна на службени лица, на граничниот премин, истите биле одземени. Со овие дејствија, обвинетите сториле кривично дело ‘‘Производство и пуштање во промет штетни средства за лекување‘‘ од чл.212 став 1 од КЗ на РСМ за што им е изречена условна осуда со утврдена казна затвор во траење од една година, под услов за време од три години да не извршат ново кривично дело.[40]

41
http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

[40]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

9. Производство и пуштање во промет штетни прехрамбени и други продукти

Аналогно на претходното дело, законодавецот во РСМ го инкриминира и дејствието на произведување заради продажба, продавање или пуштање во промет штетни прехрамбени и други продукти, во кој спаѓаат и пијалоци, средства за лична хигиена и други штетни продукти и при тоа предизвика штетни последици по животот и здравјето на луѓето. Ова дело е умислено и законодавецот го санкционира со казна затвор од три месеци до три години, но може да се стори и од небрежност, при што е предвидена парична казна или затвор до шест месеци.[41] Делото може да го стори и правно лице за кое е предвидена парична казна. Производите кои се наменети за продажба се одземаат од сторителот. Како дејствие на извршување кај овие дела е производството заради продажба, како и пуштањето во промет на друг начин, по што може да се подразбере и доделување на хуманитарна помош, народни кујни, како и помош на социјално загрозеното население. Како објект на дејствие кај овие дела се прехрамбени производи, пијалоци, но може да бидат и средства за лична хигиена, прашаци, креми и сл. како и други материјални ствари кои ги користи човекот, како што се мебел, детски играчки и др. Делото е довршено со самото производство, иако купувачот се согласил да ги купи, а знаел дека се штетни. Како последица од ова дело се јавува опасност по животот и здравјето на луѓето, односно постои конкретно загрозување. Сторител на ова дело може да биде секој. Дејствието на делото е алтернативно одредено и постои како дејствие на производство на штетни производи заради продажба, постои и како продажба, како понуда за продажба или како ставање во промет на некој друг начин прехрамбени производи, пијалоци и продукти кои се штетни за здравјето на луѓето. Под поимот производство заради продажба се подразбираат предмети, односно продукти кои се во таква состојба да можат веднаш да се стават на пазарот. Како друг начин на нудење на продажба се смета донирање, односно подарување на такви предмети или давање на заем. Производите кои се опфатени со инкриминација на ова дело треба да бидат штетни за здравјето на луѓето и

---

[41] Кривичен законик на РСМ, 213, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

тоа општо према цело население, а не само према некое конкретно определено лице. Согласноста на купецот или оној што зема на заем или како подарок прима такви производи, не го исклучува постоењето на ова дело, дури ни под услов, ако лицата знаат за какви предмети се работи. Штетност на производите е својство кое по правило негативно делува на здравјето на луѓето. Не се сметаат за штетни производи оние кои се сами по себе штетни (варикина, солна киселина итн.) и нивното производство е дозволено со правни прописи. Не се штетни ни оние производи кој содржат одредени адитиви наменети за прехрамбената индустрија, под услов да се користат на начин и во границите на дозволеното, а нивната употреба над дозволената граница, претставува сериозна опасност по здравјето на луѓето (конзерванс, зајакнувач на вкус, прехрамбена боја...). последицата кај овие дејствија е апстрактно загрозување или опасност и не е потребно да се дојде до било какви негативни последици по здравјето на некое лице или да настапила конкретна опасност по здравјето. Извршител може да биде секое лице кое произведува вакви продукти, ги продава или на друг начин ги става во промет и не е битно дали сторителот овластено или неовластено се занимава со таква дејност. Често пати како мотив зад производството и пуштање во промет прехрамбени производи и други продукти на пазарот стојат и финансиски малверзации, нелојална конкуренција и екстра заработка и тоа се на штета на купувачите која се одразува директно на здравјето на населението.

Заради постигнување на финансиска добивка производителите вршат измама со храната и прехрамбените производи. Измама претставува лажна информација, која за крајна цел има да се доведе во заблуда крајниот потрошувач, односно да стекне некоја погрешна претстава, дури и за информации кои се точни. На пример декларација дека е производот 100% од органско потекло, а не е така. Во праксата се среќаваат измами во однос на трговското име на производот или измама во однос на состојките или замена на состојките заради фалсификување на храната (на пр. на производот стои дека е направен од свежо млеко, но всушност е направен од пастеризирано млеко). Постојат и измами во однос на датумот на производството, количеството, потеклото или состав на состојките, вредностите, како и измами при рекламирање на производите. На пример дека одреден јогурт има лековито својство.

На пазарот секојдневно се појавуваат нови начини на измама на потрошувачите, затоа е важно да се внимава при избор и набавка на храна. Секој потрошувач треба да ги

следи информациите за производството и продажбата на храна, бидејќи може да го доведат во опасност своето здравје, а и покрај тоа да претрпат финансиска загуба.

Оваа појава е распространета не само кај нас, туку и во други држави во Европа и измамите со храна стануваат голем проблем во се поголемата пренатрупана понуда на огромен број на слични производи. Така европската комисија проценила дека поради измами со храна секоја година се уништува храна во вредност од 200 милиони евра со натамошно континуирано зголемување. Во 2017 година на европскиот пазар се откриени 9800 тони храна со лажна делкарација во вредност од 230 милиони евра.[42] Постојат производи кои се многу често предмет на измама кај производителите, бидејќи носат енормни финансиски заработки, пр. измама со храна на екстра цедено маслиново масло. Откриено е дека измамата се состои во тоа што производот се разредува со поефтино масло, при што се додава хлорофил, боја и арома. Тоа се прави на тој начин што се додава понеквалитетно маслиново масло кое се добива од најлош квалитет на маслинки, семки од маслинки, со додаток на соја или маслодајна репка, како и додаток на бета каротен. Најчесто при измама на овој производ не постои показател за година на берба на маслинки.[43]

Креативноста во областа на измамите расте од ден на ден и се чини дека нема крај. Со самиот факт дека на пазарот се појавуваат се повеќе нови производи, до тогаш непознати за потрошувачите, ниту по состав, ниту по начинот на употреба, се добра прилика за измама. Таков е случајот со т.н. леб на иднината ,,тонус‘‘ кој постои на македонскиот пазар, но за истиот во Р. Србија се откри измама дека овој производ лекува најтешки болести како што се канцер и шеќерна болест и дека е одобрен од Руската академија на науките. Ова е откриено кога пациентка на повозрасни години, престанала да пие препишан лек за шеќерна болест и почнала да го користи лебот како замена за лекот. По извршената контрола не се пронајдени никакви документи дека тој леб е произведен под одобрение на Руската академија на науки.

Во правната пракса како резултат на се поголемо манипулирање со прехрамбените производи од страна на производителите и трговците, се откриваат и процесуираат дела од чл.213 од КЗ на РСМ. Како пример ќе го споменам случајот против двајца сторители од општина Василево поради постоење на основано сомнение дека сториле кривично дело ,,Производство и пуштање во промет штетни прехрамбени производи и

[42] https://drive.google.com/file/d/1duJGLN5DaizpE9a0ko2eSHApASCLgmSG/view
[43] https://drive.google.com/file/d/1duJGLN5DaizpE9a0ko2eSHApASCLgmSG/view

други продукти‘‘, заради тоа што од градската депонија на Виница собирале исфрлени прехрамбени производи, а потоа ги преработувале и од нив произведувале чоколадни пити за продажба. Лицето М.К. од обвинетите купило во 2017 година 13 пити црно чоколадо завиткано во фолија со тежина од над 230кг. 4 вреќи бисквити со натпис ,,винчини‘‘ со вкупна тежина од 67кг и 5 вреќи рефус чајни колачиња со вкупна тежина од 108кг со намера да ги пушти во промет.[44]

Криминалот нема граници, па како и многу други кривични дела и ова кривично дело има свои појавни облици на секаде.

Здравјето и животот на човекот се од најголемо значење и имаат предност во нивната заштита од страна на државата и таа како најодговорна и надлежна за донесување на законски прописи, треба ажурно да ги прати сите можни аномалии и опасности кои може да се појават во производтвото и прометот со прехрамбени производи, навремено да реагира, редовно да го обучува својот административен кадар, да се справува со сите нови предизвици во оваа област.

Поради напливот на нова технологија и често непознати средства кои се употребуваат во прехрамбената индустрија, најчесто мета и жртви се обичните граѓани и затоа и законодавната и извршната власт мора континуирано, доследно и совесно да ги вршат своите задачи со најдобра намера и во интерес на градење на здрава нација.

10. Несовесно вршење преглед на месо за исхрана

Еден од најважните прехрамбени производи за исхрана на човекот е секако месото и месните преработки. Имајќи го во предвид ова законодавецот на РСМ инкриминирал посебно дејствие како кривично дело и го вметнал во главата на кривични дела против здравјето на луѓето од несовесно вршење преглед за месо за исхрана, а опфатено во чл.214 од КЗ на РСМ.

[44] https://mvr.gov.mk/dneven-bilten/798

Сторител на ова дело е ветеринар или друг надлежен ветеринарен работник кој несовесно врши преглед на добиток наменет за колење или на месо наменето за исхрана, но исто така кога не се изврши преглед на месото, во согласност со законските прописи и со тоа ќе овозможи пуштање во промет, месо кое е штетно по здравјето на луѓето. За делото е предвидена казна од шест месеци до три години, а ако е сторено од небрежност, сторителот ќе се казни со парична казна или затвор до шест месеци.[45] Ако сторителот е правно лице, предвидена е парична казна. Местото затекнато и опфатено со ова дејствие се одзема. Ова е кривично дело на апстрактно загрозување, што значи дека немора, ни некој да го купи, ни некој да го проба, туку доволно е да е штетно по здравјето на луѓето. Ова е од посебно значење, бидејќи законодавецот ја имал во предвид важноста на месото во исхраната на човекот, а освен тоа дека е лесно подложна на заразни болести, лесно преносливи кај луѓето. Затоа сите тие процедури, почнувајќи од начинот на одгледување, искрана, па се до фаза на колење и пуштање во промет се регулира со законски прописи. Како дејствија на извршување на ова дело се јавува несовесно вршење преглед на месо за колење или за исхрана, но исто така и невршење воопшто на преглед што е спротивно на законот и со тоа се овозможува пуштање на штетно месо на пазарот.

За да постои ова дело, потребно е да биде извршено алтернативно или едното или другото и не мора кумулативно да бидат опфатени двете дејствија (несовесно вршење или невршење). Објект на дејствие е месото кое е штетно, а тоа се утврдува по одредени законски регулативи.

Карактеристично за ова дело е тоа што спаѓа во групата на дела delicta propria, односно делото може да го изврши само ветеринар или овластен ветеринарен работник.

11. Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори

Едно од најмаркантните, најпрепознатливи и најчести кривични дела во праксата од кривични дела против здравјето на луѓето е кривичното дело од чл.215 од КЗ на РСМ

[45] Кривичен законик на РСМ, чл.215, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

кој се однесува на ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‘‘. Делото има 7 ставови и поради неговата зачестеност и штетност по здравјето на луѓето, опфатени се речиси сите манифестации на дејствијата кои можат да имаат директно учество во извршувањето на ова дело. Соодветно со тежината на последицата на дејствието на сторителот или сторителите и еволуирањето на самите противправни постапки на сторителите, еволуира и самото казнено право, односно видот и висината на предвидените санкции. Да посочиме дека во став 1 е инкриминирано неовластено организирање, произведување, преработка, продавање или понуда за продажба или купување, држење и пренесување заради продажба, посредување на продажба или купување, а и на друг начин пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. За ова дејствие е предвидена казна затвор од три до десет години. Во став 2 е предвидено казнување за истите дејствија од став 1, но ако се работи за помало количество на супстанции. Предвидената казна затвор е од шест месеци до три години. Од став 3 од чл.215 од КЗ на РСМ е предвидено казнување за делото од став 1 ако го сториле повеќе лица или ако сторителот создал мрежа на препродавачи, посредници за што е предвидена казна затвор од најмалку пет години. Карактеристично за став 4 е што сторителот не учествувал дирекно во дејствијата од став 1 туку, тука се работи за неовластено правење, набавка, посредување или давање на употреба опрема, материјал или супстанции за кои се знае дека се наменети за производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори. За овие дејствија е предвидена казна затвор од една до пет години. Во ставот 5 законодавецот предвидува можност на ослободување од казна на лице (освен организаторот) кое сторило дело од став 2, кој ќе го открие делото или ќе придонесе за откривање на тоа дело. Во став 6 е опфатено и санкционирање на правно лице кое ќе го стори ова дело и за кое е пропишана парична казна. Ставот 7 предвидува и наложува задолжително одземање на наркотичните средства. Во современиот свет државата преку својата законска регулатива, а и здравствена установа, преку своите медицински третмани, лекови, медикаменти и други методи на лекување, водат секојдневна борба со спречување, намалување и отстранување на болестите на зависност во кој на прво место се наоѓа наркоманијата.

Појавата и проблемот со конзумирање на дроги не е нова и се смета дека историски гледано постоеле траги уште во предисторијата. На почетокот се употребувале, се користеле различни видови на билки за лечење, ублажување на болки, па и при

религиозни ритуали. Со тек на времето и развитокот на општеството се зголемил бројот на конзументи на опојни дроги, така да дојде до нивна масовна употреба, но покасно и злоупотреба. Дрогата го носи човекот во бегство од стварноста, му дава едно привидно блажество, мир, спокој и заборав на секојдневните проблеми. Таа масовна употреба доведе и до социјални проблеми, така да одговор на државата беше инкриминирање и формулирање на кривични дела со кои би се спречила оваа социопатолошка појава. Факт е дека наркоманијата како болест на зависност и во светски рамки, па и аналогно и во нашата држава завзема прогресија и веќе претставува цивилизациски проблем и тоа најмногу на удар се наоѓа младата популација што зборува за сериозноста на цела ситуација. Што се однесува до поимот дрога во стручна литература не постои единствено одредување на истата. Од оваа причинаи светската здравствена организација во 1974 год. даде опис на опојна дрога под кое се подразбира супстанца која кога ќе се најде во жив организам е во состојба да преобрази една или повеќе негови функции и после повеќе употреби да доведе до психичка и физичка зависност. Видовите на опојни дроги се различни и се делат според различни критериуми, па така да во фармаколошка смисла се делат на;

- наркотици каде спаѓаат сите алкалоиди на опиумот и сите супстанци што имаат дејство слично на морфиум

- психотстимулатори во кои спаѓаат кокаинот, екстазите и анфетамин

- психодепресори каде спаѓаат седативи и барбитурати[46]

- халуциногени каде спаѓаат кокаин ЛСД марихуана и хашиш.

Ако поделбата се врши според потеклото тие се делат на природни и синтетички, во природни спаѓаат опиумот и неговите деривати, канабис, кока, додека во синтетички се халуциногените, депресантите и други. Според токсичноста дрогите се разликуваат на оние со висока токсичност (ЛСД, опиум, хашиш, кокаин), а помала токсичност имаат медикаментските препарати. Благодарение на брзиот напредок на науката и фармацевската индустрија, синтетичките дроги, претставуваат посебна опасност, поради тоа што секојдневно се јавуваат нови видови кои се многу токсични, брзо создаваат зависност и оставаат исклучително тешки последици. Земањето на опојни дроги, пред се е штетно на здравјето на луѓето, бидејќи човечкиот организам не е

[46] Емилија Стошиќ НЕОВЛАШЋЕНО ДРЖАЊЕ ОПОЈНИХ ДРОГА – КРИВИЧНО-ПРАВНИ АСПЕКТ

отпоред на нивно излагање, така да истите негативно влијаат примарно лично на конзументот, но исто така и на неговото семејство, на работните обврски, а и целото општество трпи последици од таквата појава. Дрогата ги уништува и другите органи кај човекот, како што се бубрези, срце, крвни садови како и целиот кардиоваскуларен систем. Исто така, често доаѓа и до инфекции или вирусни заболувања кои се добиваат со заразени игли или преку сексуален однос со инфицирано лице, при што најчесто се заболуваат од хепатитис или хив вирус. Кај конзументите се јавуваат и физички оштетувања на телото, како што се лузни по кожата, убоди од игли, општа слабост, бледило, па дури и ампутирани делови од телото, како резултат на инфекција од убоди од игли.

Дрогата предизвикува зависност која СЗО ја дефинира како периодично или хронична интоксикација (затруеност) која е предизвикана со континуирано земање на опојни дроги. Зависноста предизвикува неодолива желба за земање на дрога по секоја цена,склоност кон зголемување на дозата, постоење на психичка, но и физичка зависност и појава на апстиненцијален синдром после нагло прекинување на земање на дрога.

Многу земји во светот, раширената употреба на дроги ја препознаа како голем проблем затоа што цивилизациски, повлекувајќи со себе штетни последици и по оној што ја употребува дрогата и по општеството во целост, така да денес во кривично правната област доаѓа до санкционирање на овие појави и на национално и на меѓународно ниво. На меѓународен план дојде до реакција во врска со оваа проблематика со донесувањето на меѓународно правни акти со кои се регулира сузбивањето на опојните дроги. Сите земји во нашето опкружување ја имаат на тапет истата проблематика и се соочуваат со истиот кривично правен феномен и сите на одреден начин ја имаат регулирано оваа проблематика во своите кривично правни системи.

Од сето претходно речено може да се заклучи дека наркоманијата е голем социопатолошки проблем на современиот свет и се отвараат голем број на прашања, особено околу превенцијата, правната регулација, односно репресивните мерки поврзани со оваа појава.

Практично при регулирањето на дејствијата кои го опфаќаат субјективното битие на ова дело, а и самите дејствија на извршување на делото опфатени се скоро активности кои имаат некаква врска, иниректна и директна. Со дрогата како што се продажбата,

производството, нудењето на продажба, пренесувањето, купувањето заради продажба итн го остава симптоматично прашањето како и дали да се регулира самото конзумирање на дрога, односно законодавецот е во недоумица при инкриминирањето на уживањето на опојни дроги. Покрај постоењето на санкционирање и на такви дејствија на некои држави, сепак преовладува ставот дека тоа е социјален проблем, а не кривично правен.

Во нашето кривично законодавство основното дело од чл. 215 се јавува во два облици. Според првиот облик дејствие на извршување претставува неовластено производство и преработка на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори.[47] Производството и преработувањето треба да се вршат заради продажба, а не за сопствени потреби. Во спротивно тоа би значело заобиколно казнување на самото уживање на дроги што значи аналогно дека кога дејствието не опфаќа само чување на дрогата заради сопствени потреби, не може да опфати, ниту казнување на нејзино конзумирање.

Вториот облик на делото има дејствија на извршување кое претставува продавање, нудење на продажба, купување заради продажба, држење, пренесување или посредување во продажба или купување или на друг начин пуштање во промет на наркотични дроги. При, ова како пример за друг начин се смета позајмица, давање подарок итн. Кај двата облика е карактеристично што се претпоставува неовластено производство, што значи дејствие кое не е во согласност со позитивните правни прописи. Делото се врши со умисла, што значи дека сторителот треба да има свест и намера и да знае дека произведува или преработува на незаконит и недозволен начин состојки кои содржат наркотични дроги. Како поблаг вид, но исто така умислено дело е пуштањето во промет, односно производството на помало количество на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Во вакви случаеви нашиот законодавец предвидел дека во случај на процесуирање на вакво дело, поимот, помало количество не е законодавно прецизиран и препуштено е на судот да донесе дискрециона оценка затоа што претставува помало количество на дрога, што ќе зависи во секој случај од конкретната ситуација. Постои и потежок облик на делото кој се појавува кога е

[47] Кривичен законик на РСМ, чл.215, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

извршено од страна на повеќе лица, при што се мисли на минимум три и повеќе лица. Во истиот член се инкриминирани дејствија што му претходат на основното дело од став 1. Тие всушност се однесуваат на припрема на делото и се состојат од неовластено набавување, посредување или давање на употреба предмети за кои сторителот знае и е свесен дека служат, односно се наменети за производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори.

Законодавецот не прецизира каков вид на средства, колкаво количесто на опремата или материјалите се објект на дејтвие на ова дело и оваа процена е препуштена на судските органи. Ова се прави од причина што може да се определат прецизно таквите средства, бидејќи секојдневно настануваат нови материјали и средства со кој може да се произведат наркотични дроги. Судот во одлучувањето тргнува од намерата што ја имал сторителот во својата умисла при користењето и ракувањето со тие предмети.

Во судската пракса во РСМ постојат голем број на процесуирани кривични дела од чл. 215 од КЗ на РСМ.

Пресуда (К.158/19) на основниот суд во Велес против обвинетиот В.Ј. затоа што во 2018 година на излез од РСМ на граничниот премин, неовластено заради продажба држел наркотична дрога марихуана во количина од 83 грама, при што го стори делото од чл. 215 од став 1 од КЗ на РСМ и заради тоа му се изрекува алтернативна мерка условна осуда (утврдена казна затвор од траење од две години која нема да се изврши ако обвинетиот за време од пет години, по правосилноста на пресудата, не стори друго кривично дело).[48]

Пресуда (к-438/14) на основниот суд во Прилеп против С.С. кој е осуден според чл. 215 став 2 затоа што во 2013 година неовластено заради продажба држел наркотична дрога марихуана, помало количество во иснос од 1,5 грама, скриена во кутија од цигари БРАНД, поради тоа обвинетиот сторил кривично дело, неовластено производство и пуштање во промет на дроги, психотропни супстанции и прекурзори и затоа му се исрекува условна осуда (утврдена казна затвор во траење од шест месеци која нема да се изврши, доколку во рок од една година и шест месеци обвинетиот нестори ново

[48]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

кривично дело). Од обвинетиот се одземаат и хартиени паковки со наркотична дрога марихуана.[49]

Разгледувајќи ја објективно состојбата со дрогата и на национално и на меѓународно ниво може да се заклучи дека тоа е една патолошка појава од социјален и медицински хуман аспект. Нејзината злоупотреба се рефлектира и врз другите противправни дејствија. Имено самите конзументи во недостаток на финансиски средства без резервно и по секоја цена вршат и други кривични дела предизвикани директно или индиректно како последица од користењето на дрога. Често се случуваат и најтешки кривични дела како што се убиства, закани, уцени, тешки телесни повреди, разбојништво, кражби, измами што значи дека сторителите на ова дело и самото ова дело може слободно да се каже дека е инфекција за редица други кривични дела. На крај најоштетени се сепак конзументите кои поради разорното дејство на дрогата врз нивното физичко и психичко здравје, стануваат тотално неспособни членови на општествената заедница, го оптеретуваат и здравствениот фонд на државата, а бидејќи се работи претежно за млади личности даваат и една жална слика на безперспективни личности кои уништувачки делуваат на своите семејства. Затоа државата треба да пронајде механизми и да биде дојстојна на предизвикот, сериозно и континуирано со сите свои ресурси да води превентивна, едукативна кампања, но и репресивна борба со најголемото зло на денешницата.

12.Овозможување на употреба на наркотични дроги

Во современото кривично законодавство посебно внимание му се дава на инкриминацијата на широк дијапазон на дејствија кои се поврзани со наркотични дроги, психотропни супстации и прекурсори. Речиси да нема некоја активност или дејствие поврзано со опојните дроги, а да не е опфатено со законското битие на некое кривично дело со кое се инкриминира. Така и во контекст на претходното дело,

[49]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

нашиот законодавец го проширува казнувањето, предвидувајќи уште едно дело предвидено со чл. 216 од КЗ на РСМ кое се однесува на овозможување на употреба на наркотични дроги.[50] Се казнува тој што наведува некое друго лице да проба, односно да ужива наркотични дроги, му дава да ги проба или пак ќе направи достапна просторија наменета за користење, но опфатени се и други ненабројани начини со кои на некој му се овозможува да ужива опојни дроги.

Според нашето кривично законодавство тој што ужива дрога не прави казнено дело заради што во правната наука и правната пракса има заземен став дека наркоманијата е болест и таа појава не може да се спречи, односно да се санкционира со казнени мерки. Наркоманите се сметаат повеќе за пациенти, отколку за деликвенти. Затоа таквите лица треба да бидат под надзор и медицински третман и други слични мерки. Уживањето на опојни дроги е еден вид самоуништувачки чин и тргнувајќи од научниот став дека правото не го казнува чинот на самоубиство, самоповредување аналогно на тоа не се казнува и самоуживање на опојни дроги. Освен таквиот чин, скоро се друго поврзано, околу опојните дроги, став е дека треба да биде опфатено со санкции и репресивни мерки. Затоа во првиот став на чл. 216 на КЗ на РСМ се казнува тој што наведува друг да користи и ужива опојни дроги. Под тој поим се подразбира, убедување или намамување да се проба опојна дрога на различни начини. Така на пример на лицето му се опишуваат ефектите од земањето на дрога, брзото дејство, опуштањето и сл. при што не е битно при постоење на ова дело лицето навистина да проба опојна дрога, што значи дека наведувањето не мора да биде успешно за да постои ова дело и не е битно дали лицето кое треба да ја земи дрогата, тоа го прави првпат или се работи за лице кое има искуство во дрогата. Исто така, не е важно дали се наведуваат едно или повеќе лица. Во истиот став како инкриминирано дејствие се смета и ставањето на располагање на простории со цел за уживање на опојни дроги. Меѓутоа не е казниво ако некој на друг му оставил на располагање просторија (му дал клуч од стан или викендица, му го дал автомобилот, подрум, гаража)со пари или без надомест и без разлика дали е присутен или не без да знае дека тоа ќе се користи за уживање на опојни дроги. (бил измамен дека на пример станот ќе се користи за нешто друго). Во ставот 1 законодавецот споменува како казниво дејствие на давање на друг опојна дрога за

[50] Кривичен законик на РСМ, чл. 216, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

користење. Под тоа се подразбира некој на некого да му продаде или да му даде дрога, со цел овој да ја ужива. Делото од став 1 треба да е умислено, односно треба да е опфатено со намера на сторителот и се казнува со затвор од една до пет години.

Под ставот 2 од истото дело се инкриминира истото дејствие од претходниот став под услов да е сторено кон малолетно лице кое наполнило 14 години. Ова дејствие се казнува со казна затвор од една до десет години.

Доколку лицето не наполнило 14 години, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години.

Ако сторителот е правно лице казната е парична.

Согласно со став 5 од истиот чл. 216 од КЗ на РСМ наркотичните средства или предмети, било да се подвижни или недвижни кои биле користени или наменети за користење за претходните дејствија се одземаат.

Дејствието на основниот облик на ова кривично дело од чл.216 на КЗ е пропишано алтернативно што значи дека се опфатени голем број на дејствија како начин на извршување. Сторителот може да биде било кое лице кое наведува друго лице да ужива опојна дрога, му дава, бесплатно или со надомест опојна дрога. Со оглед на претходното и можноста едно исто лице да изврши повеќе различни дејствија на извршување, се поставува прашање дали е тоа едно или повеќе кривични дела. По правило се работи за едно кривично дело, но фактот дека се извршени повеќе дејствија, ќе се земи во предвид како отежителна околност при одмерувањето на казната. На пример ако едно лице најпрво наведува некого да ужива дрога (убедува, наложува, уценува), па потоа му дава дрога за уживање, па потоа му отстапи простории за уживање, па му помага при нејзино користење (го учи како се користи), претставува едно кривично дело, затоа што како што напоменав претходно ова е алтернативно определено. Од криминален аспект разгледувано, спорно е инкриминирањето (казнувањето) на ставање простории на располагање за уживање опојни дроги. Затоа што, логично се поставува прашањето, дали тоа дејствие, односно неговото казнување оди кон спречување на употреба на опојни дроги или повеќе влијае на загрозување на здравјето на тие што користат дрога. Напротив, баш поради тоа што давањето простории за уживање опојна дрога е казниво дејствие, луѓето се воздржуваат од тоа и како последица, уживателите на дрога користат простории кои се нехигиенски, без никакви услови, без можност да се повика лекарска помош и што, иако апсурдно, може

да доведе до смрт на корисниците во такви услови. Единствено доаѓа во предвид казнување на лице кое издава определена просторија, исклучиво само за уживање на дрога и тоа со надомест, додека не би требало строго да се зема во предвид случај, ако на пример некое лице користи јавни простории и локали за користење на дрога, како што може да биде на пример ресторан, кино сала и сл. Тоа би создало и обврска за сопствениците на таквите локали, да утврдуваат во секое време дали некој конзумира дрога во неговиот објект. Бидејќи се работи за неколку алтернативни дејствија кои го сочинуваат кривичното дело од чл. 216 од КЗ на РСМ, доволно е само едно за да биде исполнето законското битие на ова кривично дело. Таквите дејствија не се таксативно наброени во КЗ и на судот е оставено да оценува дали некое дејствие претставува извршување на ова кривично дело.

Животот изобилува со вакви ситуации и примери и на судот останува да процесуира, како на пример:

Пресуда К.бр.409/18 во која Основниот суд од Скопје, кој како првостепен кривичен суд донесе пресуда врз основа на чл. 216 став 1 од КЗ на РСМ против обвинетиот М.Ј. кој го прогласил за виновен, затоа што во 2015 година на лицето М.Г. му дал наркотична дрога марихуана да ја ужива, правејќи цигара, при што бил откриен од полициските службеници и дрогата му била одземена. За ова дело му е изречена условна осуда, при што му е утврдена казна затвор во траење од една година, а истата нема да се изврши, доколку обвинетиот во рок од три години по правосилноста на пресудата не стори ново дело.[51]

13. Тешки дела против здравјето на луѓето

[51]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

Сите кривични дела против здравјето на луѓето, почнувајќи од чл.205, па се до чл.216 од КЗ на РСМ имаат свои тешки форми и облици, односно постојат ситуации кога при настанување на овие дела, настануваат и потешки последици кои законодавецот ги предвидел како тешки телесни повреди или смрт на пациентот. За овие дела логично следува и построго казнување, односно подолготрајни затворски казни. Како пример можи да го посочам казнувањето на потешкиот вид на овие дела. Законодавецот определил дека ако поради делата од чл.205 став 1 и став 2, чл.207 став 1 и став 2, чл. 209, чл.211 став 1, чл.212 став 1, чл.213 став 1 чл. 214 став 1, чл. 215 став1 и чл.216 став 1 и став 2, настапи тешко телесно повредување или здравјето на некое лице му е тешко нарушено ќе се казни со затвор од една до 10 години. Исто така, ако поради делата од чл.205 став 1 и став 2, чл.207 став 1 и став 2, чл. 209, чл.211 став 1, чл.212 став 1, чл.213 став 1 чл. 214 став 1, чл. 215 став1 и чл.216 став 1 и став 2, настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со казна затвор од најмалку четири години. Ако поради делото од чл. 205 став 3, чл.207 став 3 , чл.211 став 2, чл. 212 став 2, чл.213 став 2, чл. 214 став. 2, некое лице ќе биде тешко телесно повредено или здравјето ќе му биде тешко нарушено, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години. Ако поради делото од чл. 205 став 6, чл.207 став 3, чл.211 став 2, чл.212 став 2, чл 213 став 2 и чл.214 став 2, настапи смрт на едно или повеќе лица, предвидена е казна затвор од шест месеци до пет години.[52] Овие дела објективно се дефинирани според умислата ил небрежноста на сторителот, при нивното истражување, додека внатрешно се определени според последицата, односно дали како резултат на овие дела настапила тешка телесна повреда или смрт на некое лице.

Поради осетливоста и важноста на доброто што се штити со овие инкриминирани дела, секој нов случај предизвикува внимание во јавноста како и медицинкста струка. За таа цел ќе посочам пример од правната пракса.

Ќе ја споменам пресудата К-560/16 на основниот суд од Битола од 2017 година против обвинетата В.С.Т. за кривично дело ‘‘ Тешки дела против здравјето на луѓето‘‘ од чл.217 став 4 од КЗ на РСМ кој и изрекол алтернативна мерка условна осуда, утврдувајќи казна затвор од траење од шест месеци и за коа се определил дека нема да

[52] Кривичен законик на РСМ, чл.217, Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013

се изврши, ако обвинетата во рок од две години не стори ново кривично дело. Обвинетата во својство на лекар специјалист-анестезиолог, однесувајќи се со небрежност, при породување на пациентка со царски рез, несовесно постапила и при внесување на цевката за довод на воздух кај сега веќе покојната С.В. погрешно ја ставила цевката за довод на воздух, во хранопроводникот наместо во дишните патишта и поради тоа предизвикала пореметување на функцијата за дишењето и набрзо дошло до смрт на пациентката.[53]

II АНАЛИЗА НА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ НА ПРИЈАВЕНИ, ОБВИНЕТИ И ОСУДЕНИ ЛИЦА ПО ПОВЕЌЕ КРИТЕРИУМИ ВО ПЕРИОД ОД 2019-2021

[53]http://www.vsrm.mk/wps/portal/central/sud/odluki/!ut/p/z1/jY9Pb4JAEMU_iweuzEj519420WIoqE1LhL0YpOuyzcKSZZWvL21NjElLOreZ_N6b94BCDrQtz4KXRqi2lONeUH_vR66L4Qsm0TYLkKQLXL0_xk7o-LD7BvCPIQj0P_oJgE7b74BOvYgC_wpMeMRAuVSHn7qkPTyEHKhmR6aZtk96PNfGdP2ThRYOw2BzpbhkdqUaC3-T1Ko3kN-TUIxFg1vMzep5jJkt5x4JXx13EcDbV1DRdFJUwqTqg0kojD4x6Josx09PnpPjOiWz2QWsZhAW/p0/IZ7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7=CZ6_6G4408K0LGPU70AMD0HT9J2826=LA0=Ejavax.portlet.action!searchAction==/#Z7_6G4408K0LOHF70AUE15A8Q24D7

14. Пријавени, обвинети и осудени лица за кривични дела против здравјето на луѓето

14.1. Пријавени,обвинети и осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето по години:

Табела 9 -Пријавени,обвинети и осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето по години

Група на кривични дела	Година	Пријавени	Обвинети	Осудени
Кривични дела против здравјето на луѓето	2019	28	22	18
	2020	147	81	66
	2021	115	111	94

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

Од табелата е воочниво дека бројот на обвинети и осудени лица од 2019 до 2021 година рапидно се зголемува. Поради спецификата на кривичните дела против здравјето на луѓето, порастот на овие дела најверојатно е последица на глобалната пандемија со корона вирусот.

14.2. Осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето според полот

Табела 10 - Осудени деца за кривични дела против здравјето на луѓето според полот

	2019			2020			2021		
	Вкупно осудени деца	Мажи	Жени	Вкупно осудени деца	Мажи	Жени	Вкупно осудени деца	Мажи	Жени
Кривични дела против здравјето на луѓето	18	18	-	66	60	6	94	85	9
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	15	15	-	12	12	-	10	8	2
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	3	3	-	3	3	-	2	2	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	-	-	-	51	45	6	82	75	7

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

Во наведената табела е направена споредба помеѓу бројот на процесуирани и осудени малолетни лица, за кривични дела кои се однесуваат на продажба и промет на опојни дроги, како и овозможување на користење на опојни дроги со останатите кривични дела против здравјето на луѓето. Кривичните дела поврзани со наркотичните дроги, психотропни супстанции и прекурсори, за 2019, 2020 и 2021 година се без големо отскокнување или пораст, односно намалување, додека вкупниот број на останати кривични дела против здравјето на луѓето, во овие три последователни години има нагорна линија, односно зголемување на бројот.

14.3. Осудени деца од 14 до 16 години за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените кривични санкции

Во 2019 година имаме вкупно 2 кривични дела против здравјето на луѓето од кои за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 1,за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 1, за останати кривични дела против здравјето на луѓето 0. Со дисципинска мерка укор имаме 1, за кривични дела против здравјето на луѓето1, за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со дисциплинска мерка дисциплински центар имаме 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од страна на родители- старатели имаме 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор во друго семејство имаме 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од орган за старателство имаме 1 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со заводска мерка упатување во воспитна установа имаме 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на

наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом имаме 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето.

Во 2020 година имаме вкупно 13 кривични дела против здравјето на луѓето од кои за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 0, овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 1, останати кривични дела против здравјето на луѓето 12. Со дисципинска мерка укор имаме: 8 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 8 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од страна на родители- старатели имаме: 1 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор во друго семејство имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од орган за старателство имаме: 3 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 3 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со

заводска мерка упатување во воспитна установа имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом имаме: 1 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 1 за останати кривични дела против здравјето на луѓето.

Во 2021 година имаме вкупно 14 кривични дела против здравјето на луѓето од кои: за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 0, овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори 0, останати кривични дела против здравјето на луѓето 15. Со дисципинска мерка укор имаме: 5 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 5 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од страна на родители- старатели имаме: 6 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 6 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор во друго семејство имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со мерка на засилен надзор од орган за старателство имаме: 3 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и

прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 3 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со заводска мерка упатување во воспитна установа имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето. Со заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом имаме: 0 за кривични дела против здравјето на луѓето, 0 за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, 0 за овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и 0 за останати кривични дела против здравјето на луѓето.[54]

14.4. Осудени деца од 16 до 18 години за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените кривични санкции

Во 2019 година имаме вкупно 16 за кривични дела против здравјето на луѓето од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 3, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 8, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 5, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 14 од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 3, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 7, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 4, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 2, од кои на казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0,

[54]Државен завод за статистика на РСМ

дисциплинска мерка укор 0, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 1, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 1, заводска мерка/воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0. За останати кривични дела против здравјето на луѓето вкупно 0, казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 0, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 0, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 0, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0.

Во 2020 година имаме вкупно 53 за кривични дела против здравјето на луѓето,од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 30, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 10, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 11, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 2. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 12, од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 0, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 5, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 5, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 2. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 2,од кои на казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 1, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 1, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 0, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0. За останати кривични дела против здравјето на луѓето вкупно 39,од кои на

казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 29, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 4, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 6, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0.

Во 2021 година имаме вкупно 80 осудени лица за кривични дела против здравјето на луѓето,од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 1, дисциплинска мерка укор 24, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 38, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 15, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 2. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 10 осудени лица од кои со казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 1, дисциплинска мерка укор 1, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 4, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 3, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 1. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори вкупно 2 осудени лица од кои на казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 0, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 1, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за старателство 1, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 0. За останати кривични дела против здравјето на луѓето вкупно 68 осудени лица од кои на казна затвор до 10 години 0, затвор од 8 до 10 години 0, затвор од 5 до 8 години 0, затвор од 2 до 3 години 0, затвор до 2 години 0, дисциплинска мерка укор 23, дисциплинска мерка упатување во дисциплински центар 0, мерка на засилен надзор од страна на родители-старатели 33, мерка на засилен надзор во друго семејство 0, мерка на засилен надзор од орган за

старателство 11, заводска мерка упатување во воспитна установа 0, заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом 1.[55]

14.5.Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и видот на одлуката.

Табела 11 - Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и видот на одлуката

Кривични дела	Година	Вкупно обвинети лица	Прогласени за виновни	Не се прогласени за виновни
Кривични дела против здравјето на луѓето	2019	305	280	25
	2020	2095	2034	61
	2021	2313	2197	116

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

На горната табела е прикажан бројот на вкупно обвинети полнолетни лица извршители на кривични дела против здравјето на луѓето. Со разлика меѓу прогласени за виновни и оние што не се прогласени за виновни. Поради специфичноста на делата, табелата го покажува периодот на глобалната пандемија со корона вирусот каде што е видлив порастот на вкупниот број обвинети лица, но исто и порастот на лица кои се прогласени за виновни во реална бројка.

14.6. Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на одлуката и полот.

Табела 12 - Обвинети полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на одлуката и полот

	2019											
	Вкупно обвинети лиц	Обвинети лица - Жени	Обвинети лица - Мажи	Осудителна пресуда	Пресуда врз основа на предлог -	Пресуда за издавање на	Пресуда врз основа	Изречена мерка на безбедност	Запрена постапка	Ослободителна пресуда	Одбивателна пресуда	Мерки на безбедност - Вкупно

[55] Државен завод за статистика на РСМ

	а				спогодба	казнен налог	на признание на вина	ст без изречување на казна				
Кривични дела против здравјето на луѓето	305	10	295	139	30	6	105	-	2	11	12	13
Несовесно лекување болни	5	1	4	1	-	2	-	-	-	1	1	-
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	253	5	248	117	26	4	88	-	2	8	8	9
Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и	41	2	39	18	4	-	17	-	-	1	1	4

прекурсори												
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	6	2	4	3	-	-	-	-	-	-	1	2

	2020											
	Вкупно обвинети лица	Обвинети лица - Жени	Обвинети лица - Мажи	Осудителна пресуда	Пресуда врз основа на предлог - спогодба	Пресуда за издавање на казнен налог	Пресуда врз основа на признание на вина	Изречена мерка на безбедност без изречување на казна	Запрена постапка	Ослободителна пресуда	Одбивателна пресуда	Мерки на безбедност - Вкупно
Кривични дела против здравјето на луѓето	2095	162	1933	609	26	972	427	-	27	10	24	30
Несовесно лекување болни	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсор	237	9	228	137	22	7	59	-	3	6	3	7

и												
Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	1818	150	1668	453	2	958	359	-	24	4	18	23
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	33	1	32	16	2	3	9	-	-	-	-	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	7	2	5	3	-	4	-	-	-	-	-	-

	2021											
	Вкупно обвинети лица	Обвинети лица - Жени	Обвинети лица - Мажи	Осудителна пресуда	Пресуда врз основа на предлог - спогодба	Пресуда за издавање на казнен налог	Пресуда врз основа на признание на вина	Изречена мерка на безбедност без изречување на казна	Запрена постапка	Ослободителна пресуда	Одбивателна пресуда	Мерки на безбедност - Вкупно

Кривични дела против здравјето на луѓето	2313	190	2123	-	66	1462	667	2	38	34	44	10
Несовесно лекување болни	1	-	1	1	-	-	-	-	-	1	-	-
Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	372	13	359	-	45	167	139	1	5	10	5	5
Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	1861	173	1688		18	1251-	500	1	33	22	36	5
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	62	1	61	-	3	28	28	-	-	1	2	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	17	3	14	-	-	16	-	-	-	-	1	-

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

На табелата е забележително дека се изразито видливи разликите во бројот на сторители на кривични дела против здравјето на луѓето кои се однесуваат на пренесување на заразна болест и непостапување според здравствени прописи за време на епидемија од останатите кривични дела од оваа глава.

14.7.Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на изречената санкција и полот.

Табела 13 - Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето, видот на изречената санкција и полот

	2019					
	Вкупно осудени лица	Осудени лица жени	Осудени лица мажи	Вкупно казни	Вкупн алтернативни мерки	Прогласен виновен-ослободен од казна
Кривични дела против здравјето на луѓето	280	8	272	138	142	-
Неовластено производство и пуштање во промет на нарко-тични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	235	4	231	126	109	-

Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	-	-	-	-	-	-
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	39	2	37	9	30	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	6	2	4	3	3	-

	2020					
	Вкупно осудени лица	Осудени лица жени	Осудени лица мажи	Вкупно казни	Вкупни алтернативни мерки	Прогласен виновен-ослободен од казна
Кривични дела против здравјето на луѓето	2034	159	1875	1699	335	-
Неовластено производств	225	9	216	134	91	-

о и пуштање во промет на нарко-тични дроги, психотропни супстанции и прекурсори						
Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	1772	147	1625	1555	217	-
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	30	1	29	7	23	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	7	2	5	3	4	-

	2021					
	Вкупно осудени лица	Осудени лица жени	Осудени лица мажи	Вкупно казни	Вкупн алтернативни мерки	Прогласен виновен-ослободен од казна

Кривични дела против здравјето на луѓето	2197	176	2021	1701	494	-
Неовластено производство и пуштање во промет на нарко-тични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	352	11	341	218	133	-
Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија	1770	161	1609	1456	313	-
Овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори	59	1	58	13	46	-
Останати кривични дела против здравјето на луѓето	16	3	13	14	2	-

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

Табелата покажува дека повеќето од осудени лица за кривични дела против здравјето на луѓето за последните три години се од машки пол.

14.8. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и изречените главни казни затвор и парична казна.

Во 2019 година за кривични дела против здравјето на луѓето изречени се 119 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 13 на казна затвор од пет до десет години, 15 на казна затвор од три до пет години, 14 на казна затвор од две до три години, 20 на казна затвор од една до две години, 31 на казна затвор од шест месеци до една година, 26 на казна затвор до шест месеци, 10 вкупно парични казни, од кои: 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 4 парична казна од 10001 до 30000 и 6 парична казна над 30001 денари. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 112 казни затвор од кои: 0 на доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 13 на казна затвор од пет до десет години, 15 на казна затвор од три до пет години, 14 на казна затвор од две до три години, 20 на казна затвор од една до две години, 30 на казна затвор од шест месеци до една година, 20 на казна затвор до шест месеци, 5 вкупно парични казни од кои: 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 2 парична казна од 10001 до 30000 и 3 парична казна над 30001 денари. За непостапување според здравствените прописи за време на епидемија изречени се 0 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 0 на казна затвор од шест месеци до една година, 0 на казна затвор до шест месеци, 0 вкупно парични казни, од кои 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 0 парична казна од 10001 до 30000 и 0 парична казна над 30001 денари. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 6 казни затвор, од кои 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 1 на казна затвор од шест месеци до една година, 5 на казна затвор до шест месеци, 3 вкупно парични казни од кои: 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 0 парична казна од 10001 до 30000 и 3 парична казна над 30001 денари. За останати кривични дела против

здравјето на луѓето изречени се 1 казни затвор од кои: 0 на доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 0 на казна затвор од шест месеци до една година, 1 на казна затвор до шест месеци, 0 вкупно парични казни од кои: 2 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 2 парична казна од 10001 до 30000 и 0 парична казна над 30001 денари.

Во 2020 година за кривични дела против здравјето на луѓето изречени се 133 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 15 на казна затвор од пет до десет години, 25 на казна затвор од три до пет години, 27 на казна затвор од две до три години, 24 на казна затвор од една до две години, 18 на казна затвор од шест месеци до една година, 24 на казна затвор до шест месеци, 1560 вкупно парични казни, од кои 19 парична казна до 5000 денари, 67 парична казна од 5001 до 10000, 349 парична казна од 10001 до 30000 и 1125 парична казна над 30001 денари. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 120 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 15 на казна затвор од пет до десет години, 25 на казна затвор од три до пет години, 26 на казна затвор од две до три години, 24 на казна затвор од една до две години, 15 на казна затвор од шест месеци до една година, 15 на казна затвор до шест месеци, 12 вкупно парични казни од кои: 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 0 парична казна од 10001 до 30000 и 4 парична казна над 30001 денари. За непостапување според здравствените прописи за време на епидемија изречени се 4 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 0 на казна затвор од шест месеци до една година, 4 на казна затвор до шест месеци, 1547 вкупно парични казни од кои: 19 парична казна до 5000 денари, 67 парична казна од 5001 до 10000, 344 парична казна од 10001 до 30000 и 1117 парична казна над 30001 денари. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 7 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет

години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 1 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 4 на казна затвор од шест месеци до една година, 0 на казна затвор до шест месеци, 0 вкупно парични казни од кои: 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 0 парична казна од 10001 до 30000 и 0 парична казна над 30001 денари. За останати кривични дела против здравјето на луѓето изречени се 2 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 1 на казна затвор од шест месеци до една година, 1 на казна затвор до шест месеци, 1 вкупно парични казни, од кои 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 1 парична казна од 10001 до 30000 и 0 парична казна над 30001 денари.

Во 2021 година за кривични дела против здравјето на луѓето изречени се 212 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 12 на казна затвор од пет до десет години, 46 на казна затвор од три до пет години, 41 на казна затвор од две до три години, 29 на казна затвор од една до две години, 52 на казна затвор од шест месеци до една година, 32 на казна затвор до шест месеци, 1475 вкупно парични казни, од кои 7 парична казна до 5000 денари, 44 парична казна од 5001 до 10000, 601 парична казна од 10001 до 30000 и 823 парична казна над 30001 денари. За неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 200 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 12 на казна затвор од пет до десет години, 46 на казна затвор од три до пет години, 40 на казна затвор од две до три години, 26 на казна затвор од една до две години, 48 на казна затвор од шест месеци до една година, 28 на казна затвор до шест месеци, 9 вкупно парични казни, од кои 0 парична казна до 5000 денари, 1 парична казна од 5001 до 10000, 5 парична казна од 10001 до 30000 и 3 парична казна над 30001 денари. За непостапување според здравствените прописи за време на епидемија изречени се 1 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три

до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 1 на казна затвор од шест месеци до една година, 4 на казна затвор до шест месеци, 1453 вкупно парични казни од кои: 7 парична казна до 5000 денари, 43 парична казна од 5001 до 10000, 595 парична казна од 10001 до 30000 и 808 парична казна над 30001 денари. За овозможување употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори изречени се 11 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 1 на казна затвор од две до три години, 3 на казна затвор од една до две години, 3 на казна затвор од шест месеци до една година, 4 на казна затвор до шест месеци, 1 вкупно парични казни, од кои 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 1 парична казна од 10001 до 30000 и 0 парична казна над 30001 денари. За останати кривични дела против здравјето на луѓето изречени се 0 казни затвор од кои: 0 на казна доживотен затвор, 0 на казна затвор од дваесет години, 0 на казна затвор од десет до петнаесет години, 0 на казна затвор од пет до десет години, 0 на казна затвор од три до пет години, 0 на казна затвор од две до три години, 0 на казна затвор од една до две години, 0 на казна затвор од шест месеци до една година, 0 на казна затвор до шест месеци, 12 вкупно парични казни, од кои 0 парична казна до 5000 денари, 0 парична казна од 5001 до 10000, 1 парична казна од 10001 до 30000 и 12 парична казна над 30001 денари.[56]

14.9. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето со соучесништво.

Табела 14 - Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето со соучесништво

	2019

[56]Државен завод за статистика на РСМ

	Вкупно	Сам/извршител	Соизвршител	Поттикнувач	Помагач
Кривични дела против здравјето на луѓето	280	230	50	-	-

	2020				
	Вкупно	Сам/извршител	Соизвршител	Поттикнувач	Помагач
Кривични дела против здравјето на луѓето	2034	1548	481	4	1

	2021				
	Вкупно	Сам/извршител	Соизвршител	Поттикнувач	Помагач
Кривични дела против здравјето на луѓето	2197	1431	741	13	12

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

Од табелата се гледаат податоци за кои може да се донесе заклучок дека во двете споредени години има одреден пад во бројот на извршители но спротивно расте бројот на соучесници.

14.10. Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и бројот на учесници во извршувањето на делото.

Табела 15- Осудени полнолетни лица за кривични дела против здравјето на луѓето и бројот на учесници во извршувањето на делото

	2019					
	Вкупно	Едно лице	Две лица	Три лица	Четири лица	Пет и повеќе лица
Кривични дела против здравјето на луѓето	280	230	30	11	3	6

	2020					
	Вкупно	Едно лице	Две лица	Три лица	Четири лица	Пет и повеќе лица
Кривични дела против здравјето на луѓето	2034	1548	334	93	22	37

	2021					
	Вкупно	Едно лице	Две лица	Три лица	Четири лица	Пет и повеќе лица
Кривични дела против здравјето на луѓето	2197	1431	399	172	61	134

Во табелата е прикажана сотојбата на бројот на извршители на кривични дела против здравјето на луѓето, по тоа дали делото е извршено од поединец или е извршено во група од двајца, тројца или повеќе лица. Забележителен е пораст во последните три последователни години, компаративно гледано на сите групи на извршители.

14.11. Пријавени, обвинети и осудени лица за организиран криминал за кривични дела против здравјето на луѓето.

Табела 16 - Пријавени, обвинети и осудени лица за организиран криминал за кривични дела против здравјето на луѓето

	2019			2020			2021		
Кривични дела против здравјето на луѓето	Пријавени	Обвинети	Осудени	Пријавени	Обвинети	Осудени	Пријавени	Обвинети	Осудени
	-	32	30	-	23	23	-	33	33

ИЗВОР: Државен завод за статистика на РСМ

Во табелата се прикажани, пријавени, обвинети и осудени лица за организиран криминал за кривични дела против здравјето на луѓето, каде за последните три години од 2019 до 2021 година, е карактеристично што во 2020 година најверојатно поради прогласената вонредна состојба на ниво на цела држава е очигледно намалувањето на бројот на овие дела и осудени лица.

Веројатно како резултат од последиците од глобалната пандемија со Ковид вирусот, статистички е забележан енормно голем пораст на процесуирани случаеви на кривични дела против здравјето на луѓето, поточно најголем пораст се јавува кај делото од чл. 206 од КЗ на РСМ, а тоа е ‘‘Непостапување според здравствени прописи во време на епидемија‘‘.

III КОМПАРАЦИЈА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

15. Кривични дела против здравјето на луѓето кај нас и во земјите на Балканот

Прашањето на здравјето на луѓето, наоѓа свој одраз и е во допир со Кривичното право во нашата држава, но и во земјите од нашето опкружување, а и на меѓународно ниво. Тоа се пред се ситуции каде има работа и за лекарите и за правниците. Во лечењето на луѓето се можни лекарски грешки кои во праксата се најчесто небрежни. Лекарите, но и други актери кои и не мора да се од областа на медицината, често имаат главна улога во настанувањето на делата против здравјето на луѓето. Што се однесува до медицинската струка, тука одговорноста се проширува и на фармацевтите и медицинскиот персонал кои се оптеретени со бројни пациенти, стресно работење и брзање во своето работење, па така и нивните грешки се со озбилни и помалку штетни последици. Никој не сака да греши. Има ситуации кога некој сака намерно да направи штета, а тоа е веќе проблем кој е решлив. Кривичното процесно право, треба да ги

препознае таквите состојби и соодветно и навремено да реагира со регулација и санкционирање. Постојат многу медицински дилеми и проблеми кај кои доколку не бидат употребени соодветни лекови, ќе треба да се употребат правни средства. Правото и медицината би можеле да бидат поврзани во ситуација кога постапката за лечење не е водена по правилата на медицината. Одговорот на прашањето, зошто тоа се случува го дава кривичното право, животот на пациентите и нивното здравје се најважниот објект на медицинската заштита. Медицинското право е посебна правна гранка која се појави во последно време и која има извонредно значење за регулирање на оние ситуации кои се поврзани со човекото здравје и има потреба од нивно проучување и правно регулирање. Фокусот на односите меѓу пациентот и лекарот. Ова претпоставува дека лекарот треба да покаже доволна грижа за својот пациент. Проблемот во праксата се појавува ако таа грижа не е доволно квалитетна, што се одразува на животот и здравјето на пациентот. Секогаш се тргнува од главните принципи како што е принципот дека нема казна без вина и дека не е кривично дело она што не е пропишано со закон. Постојат често нетипични ситуации во лекарската пракса, кога кај пациентите се јавуваат комплицирани и неочекувано ретки здравствени состојби, кои можат да го затекнат лекарот во своето работење и да предизвикаат несакани последици. За нивно решавање, често пати треба да се вмеша и кривичното право. Во оваа група на кривични дела против здравјето на луѓето, спаѓаат и многу други патогени дела, кај кои како извршители се јавуваат и организирани криминални групи, кои се дел од транснационален ланец на криминал и имаат иста генеза на дејствување и стируктура на организација. Тоа се дела од релативно поново време кои се однесуваат на трговија со човечки органи, но исто и дела поврзани со неетичко работење на лекарите, како што се пресадувањето на човечки органи. Во оваа група на дела секако е опфатена и фармацевтската индустрија и аптекарите и фармацевтите а во врска со издавање и припремање на медикаменти за лекување, како и несовесност во лекување на пациенти. Можеби најотпорен криминал, секако е поврзан со производството и трговијата со наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори кој има неограничено голем број на недозволени и противправни дејствија и самото кривично право во регулирање на оваа појава, ги има опфатено сите дејствија и активности поврзани со опојните дроги, почнувајќи од нивното производство, чување, продажба, чување заради продажба итн. со кој се сака да се сузбие скоро се што е во опфат со опојните дроги. Сите овие дела се проблематика која му дава главоболка на современиот свет, па затоа и сите вложуваат огромни напори во

согласност со своите човечки ресурси и материјално технички и функционални капацитети, за да го стават под контрола овај вид на криминал, при што јас ќе направам увид во оние правни системи кои се во наше опкружување и кои се по некои показатели слични.

15.1. Р.Србија

Како прво ќе направам осврт на законодавството во соседна Република Србија каде здравјето на луѓето е загарантирано како Уставно право, опфатено со 14 кривични дела од оваа област во кривичниот законик. Постојат кривични дела кои може да ги изврши само лекар. Но, поради специфичноста на современата ситуација со глобалната пандемија, ќе спомнам дека постојат и дела кои може да ги изврши секој. Станува збор за делата од чл.248 и чл.249 од КЗ на Р. Србија, ‘‘Пренесување на заразна болест‘‘ и‘‘Непостапување по прописи, наредби и одлуки за сузбивање и спречување на заразни болести‘‘. Што се однесува на кривичните дела кои може да ги стори само лекар, се става акцент на вообичаено мислење дека лекарот е тој кој единствено може да му помогне на болниот и дека заради тоа постои однос на доверба меѓу лекарот и пациентот. Лекарот мора да обезбеди медицински услови и адекватни средства и третмани, во спротивно настануваат проблеми кои влегуваат во областа на кривичното право. Кривичното дело, ‘‘Несовесно пружање на лекарска помош‘‘ го извршува лекар кој при пружање на лекарска помош ќе примени, очигледно неподобно средство или очигледно неподобен начин на лекување или не се применети соодветни хигиенски мерки или воопшто несовесно постапува и со тоа ќе предизвика влошување на здравствената состојба на некое лице.Според кривичното законодавство на Р. Србија делото Неукажување лекарска помош (253 кз) извршител на ова кривично дело е лекар кој одбива да даде лекарска помош, на лице кое се наоѓа во непосредна животна опасност, било директно да одбие тоа да го направи или да го прикрие својот идентитет, односно професија. За да постои основниот облик на ова дело, не е потребно да дојде до смртен исход или влошување на здравствената состојба на лицето кое се наоѓа во непосредна животна опасност. Потешкиот облик на ова дело опфаќа ситуација која поради неукажување од лекарската помош настапат тешки последици во вид на тешки телесни повреди, тешко нарушување на здравјето, односно смрт на лицето на кое му е укажана помош. При ова во лекарската пракса се даваат препораки

дека во работата, треба да се постапи според начелата на медицинската наука и пракса, ажурно да се води медицинската документација и да се вршат судско медицински обдукции, во случај кога смртта настапила во текот на дијагностичка или тераписка постапка. Во законодавството на Р. Србија со иста казна се казнува и медицински работник, кој не е лекар и кој при давање на медицинска помош или нега или при вршење на друга здравствена дејност, несовесно постапува и со тоа предизвикува влошување на здравствената состојба на некое лице. Кривично дело чии сторител е само лекар е делото ‘‘Неукажување на лекарска помош‘‘ кога лекар спротивно на својата должност, одбие да даде лекарска помош на лице на кое му е потребна и кое се наоѓа во непосредна опасност по живот или опасност од настанување на тешка телесна повреда и тешко нарушување на здравјето. Занимливо е и тоа што во списокот на оваа група на дела е што се најде ‘‘надриапотекарство‘‘ кое всушност значи злоупотреба на довербата на луѓе чие здравје е нарушено и каде сторител може да биде било кое лице кое без соодветна стручна спрема се занимава со давање на медицински услуги или со правење и издавање на лекови со што во кривичното законодавство на Р. Србија ова дело е опфатено, исто така во главата на кривични дела против здравјето на луѓето. Ова дело егзистира уште од 1976 година со кривичниот закон на СФРЈ. Во првиот став идентично со кривичниот закон на РСМ се инкриминира наведувањето на уживање, давањето, ставањето на располагање простории заради уживање опојни дроги и на друг начин овозможување на уживање на наркотични дроги со што е предвидена казна затвор од шест месеци до пет години. Разлика постои во следниот став каде е опфатено дејствие на извршување, према малолетно лице или према повеќе лица, додека во нашиот законик се селектира висината на казната на две категории на возраст и тоа ако се наведува на употреба на опојни дроги лице со возраст над 14 години и став 3 ако се наведува на употреба на опојни дроги лице под 14 години што се казнува со повисока казна затвор од претходното. Она што не е опфатено во нашиот кривичен законик, а постои во кривичниот законик на Република Србија е санкционирано можно настапување на смрт на некое лице како последица од наведените дејствија и се казнува од три до петнаесет години. Во оваа глава се сместени и делата околу производство и трговија со опојни дроги, кои се опфатени со кривичниот законик од 2006 година и дефинирани се на следниот начин- неовластено производство и пуштање во промет на опојни дроги во кои се опфатени сите противправни дејствија, почнувајќи од производство, продажба, нудење на продажба или купување заради продажба, држење или пренесување или посредување при продажба или купување или на друг

начин, ставање во употреба на опојни дроги и препарати кои се прогласени за опојни дроги.Во Р. Србија постои еден основен и два посебни облици на ова дело. За основниот облик на ова дело кое се однесува на недозволено производство и преработка, продажба, нудење на продажба, купување, држење, посредување во продажба и ставање во промет на супстанци кои се прогласени за дроги, предвидена е казна затвор од три до дванаесет години.[57] Законодавецот во Р. Србија во став 2 од ова дело, таксативно набројува дека се казнува одгледување на афион, канабис или други билки кои содржат психоактивни супстанци што го нема во нашиот кривичен законик. Посебно во став 3 од истото дело, предвидено е извршување на делото ако е сторено од група, односно на мрежа од препродавачи, а во став 4 се казнува извршување на делото од криминална организација. Во КЗ во Р. Србија во чл. 246 став 5 од КЗ на Р. Србија се предвидува можност за ослободување од казна на лице сторител на едно од делата претходно наброени, лице кое ќе открие дело или ќе откгие од каде набавува дрога.[58] Кај нас оваа можност е предвидена само за лице кое е фатено со помали количини на дрога. Предвидена е инкриминација, овозможување на уживање на опојна дрога во која како казниво дејствие се јавува, наведување на друг, на уживање на опојни дроги или давање на друг дрога за користење или ставање на располагање на простории заради уживање на дрога. За разлика од нашиот кривичен законик во КЗ на Р. Србија се предвидува казнување за смртни последици како резултат на дејствијата од ова дело. Најдискутабилна инриминација во групата КД против здравјето на луѓето е секако казнувањето на самото држење на опојна дрога кое нашиот законодавец не го има предвидено, односно во КЗ на РСМ држењето на опојна дрога заради неконзумирање е неказниво. Пренесување на инфекција на ХИВ вирус се јавува како посебно дело кое може да се казнува како умислено дело и како небрежно пренесување. Кај нас ова дело не постои со вакво битие на самото дело. И дејствијата околу вршење на медицински експерименти или клонирање на луѓе и противправно испитување на лекови, се посебно инкриминирани во чл. 252 со што се дава заштита од евентуално нехумано постапување од страна на било кој.

15.2. Р. Хрватска

[57]Кривичен законик на Р. Србија
[58] Кривичен законик на Р. Србија

Компаративно Р. Хрватска нема извршено кодификација во кривично правната област и како посебна карактеристика на кривичниот закон е тоа што во главата на кривични дела против здравјето на луѓето не постои инкриминација за производство и трговија со опојни дроги. Во оваа глава се опфатени и две дела кои се во нашиот КЗ сместени во главата на кривични дела против животната средина и природата, а тоа се делото од чл.162 во кривичниот закон на Р. Хрватска ‘‘Загадување на човековата околина‘‘ и чл. 163 ‘‘Загадување на вода за пиење и прехрамбени продукти‘‘.[59] Како посебен член се јавува чл. 165 со кој се казнува пренесувањето на полови болести кое се гони по приватна тужба. Останатите кривични дела кои се предвидени во кривичниот закон на Р. Хрватска се слични во своето законско битие со кривичните дела во КЗ на РСМ.

Во кривичното законодавство на Р. Хрватска постојат два дела во врска со опојните дроги и тоа дело на неовластено производство и промет на дроги како и овозможување на користење на дроги. Според Хрватското законодавство дејството на извршување на ова дело е одредено алтернативно, односно се казнува произведување или преработка на супстанци кои се прогласени за дрога. Неовластено држење на опојни дроги заради сопствена употреба, не е санкционирано како посебно дело.

15.3. Црна Гора

Во кривичното законодавство на Црна Гора кривчните дела против здравјето на луѓето се сместени во глава 24 од чл. 287 до чл. 302. Во оваа група на кривични дела постоеше кривично дело идентично како и во КЗ на Р. Србија, а тоа е пренесување на инфекција со ХИВ вирус, кое со измени и дополнувања на КЗ на Црна Гора е избришано како посебно дело. За разлика од нашиот КЗ во КЗ на Црна Гора исто како и во КЗ на Р. Србија постои посебна инкриминација на казнување на вршење медицински експерименти на луѓе, клонирање на луѓе и испитување на лекарства врз луѓе. Она што можеби е најкарактеристично во главата на кривични дела против здравјето на луѓето е чл. 293 кој има свои дополнувања, 293-а и 293-б, но исто така и поврзани со него се чл. 294, чл. 295, чл. 295-а и чл. 295-б.[60] Сите овие членови се однесуваат на казнување на противправни дејствија кои се однесуваат на земање на човечки органи, чување, превоз, увоз, извоз, на човечки органи и делови од тело набавени со извршување на кривично

[59] Кривичен закон на Р. Хрватска
[60] Кривичен законик на Црна Гора

дело, како и недозволено пресадување на делови од тело, недозволено земање на делови од тело заради пресадување, трговија со човечки органи, како и санкционирање на огласување, односно рекламирање на трговија со човечки органи, со што се опфатени голем број на можни непредвидливи ситуации и дејствија со кои може да се извршат овие дела кои во последно време се во голем подем и на меѓународно ниво. Во КЗ на Црна Гора во групата на кривични дека против здравјето на луѓето се сместени две кривични дела во врска со опојните дроги. Основното дело пропишува забрана на производство, преработка, продажба или нудење на продажба на супстанци кои се прогласени за опојни дроги или билки кои содржат такви супстанции, односно се забранува купување, држење или пренесување заради продажба на овие супстанции како и посредување во продажба или купување или ставање во промет. Со анализа на овие одредби се заклучува дека дејството на извршување е алтернативно одредено, што значи дека е доволно да се оствари едно од наброените дејствија за да постои кривично дело. Со КЗ на Црна Гора не е инкриминирано држењето на опојна дрога за сопствена употреба, туку само она дејствие на држење на опојна дрога со цел таа да се стави во промет. Покрај ова дело во законодавството на Црна Гора постои и кривично дело ,,Овозможување на уживање на опојни дроги‘‘. За разлика од другите кривични законодавства на просторите на бивша СФРЈ единствено во КЗ на Црна Гора што се однесува до кривичното дело на ‘‘Неовластено производство, држење и ставање во промет на опојни дроги‘‘ е предвидено одземање и задолжително уништување на опојните дроги, додека кај останатите држави е предвидено само нивно одземање.

15.4. Босна и Херцеговина

Кривичното законодавство на Босна и Херцеговина има две кривични дела во врска со опојните дроги каде што се пропишува неовластено производство и ставање во промет опојни дроги, каде изршувањето е предвидено алтернативно и предвидена е казна затвор од една до десет години за тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди за продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено става во промет материи кои се прогласени за опојни дроги. Во истиот закон е пропишано и казнување на поседување, односно санкционирано е самото држење на опојна дрога за кое е предвидено казна затвор до една година.

Од споменатите споредби може да се заклучи дека само во кривичното законодавство на Босна и Херцеговина е инкриминирано поседување на опојна дрога, за која е предвидена казна затвор до една година, додека другите републики го санкционираат единствено држењето на опојна дрога со намера да се става во промет.[61]

ЗАКЛУЧОК

Здравјето на луѓето спаѓа во вредностите кои се меѓу другото заштитени со кривичното право. Тоа е воедно и едно од основните и фундаментални права на човекот, кое како такво е загарантирано и со меѓународноправни, но и со домашни правни акти како што е Уставот. Во таа насока се очекува од државата да го осигура здравјето на луѓето на таков начин што ќе ги инкриминира сите однесувања со кои се загрозува здравјето на луѓето, како и да одреди кривични санкции за оние кои вршат такви дејствија. Тоа го оправдува и постоењето на посебна глава во кривичниот законик на РСМ под наслов ‘‘Кривични дело против здравјето на луѓето‘‘. Посебен осврт во претходниот текст имав на делата од оваа глава кои се сеуште актуелни и поврзани со неодамнешната светска пандемија, предизвикана од нова, до сега непозната заразна болест, наречена службено Ковид 19. Во тек на оваа пандемија беше воочливо дека не беше во потполност остварена заштитната функција на кривичното право, што за последица го имаше ширењето на оваа заразна болест. Но, не само ова горчливо искуство кое без малку го почувствува секој поединец, здравјето на луѓето се уништува и со други дела на конкретно загрозување кои претставуваат трауматично негативно искуство за

[61] Кривичен закон на БиХ

поединци, но и за семејствата пред се на жртвите на таквите кривични дела, но и на целата општествена заедница. Тоа се дела од оваа глава кои се поврзани со производство и трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори каде се инкриминирани скоро сите дејствија поврзани со нив. Кај овие дела компаративно согледано трауматично е поставено дури и самото конзумирање на опојни дроги кое во одредени правни системи е казниво дејствие, додека нашиот законодавец по аналогија ова дејствие го ставил во зоната на неказниви дејствија, благодарение на ставот дека соодветно и слично не се инкриминирани и дејствијата на самоповредување и самоубиство. Ова зло на современиот свет е можеби најопасното инкриминирано дело кое непрекинато се појавува во нови варијанти, трансформирајќи се во нови начини, методи и средства на извршување, барајќи непрекинато нови жртви, за жал најмногу во помладата популација, која наместо во работни победи и интелектуални успеси, оди во сигурна смрт, а со тоа и заедницата и семејствата губат свои млади членови. Криминалот како патогена општествена појава, развива нови појавни облици заради кои правото реагира инкриминирајќи нови кривични дела како што е и трговијата со човечки органи. Уште едно во редот на опскурни појави во светот на криминалот, каде секој и во секое време може да биде жртва и оштетен. И овие дела на конкретно загрозување го имаат како објект на заштита здравјето на луѓето и имаат бланкетна норма, што значи широк дијапазон на дејствија на извршување. Се на се државата, но и самата општествена заедница, се пред константни предизвици како да се справат со овој криминал кој го напаѓа и уништува, најважниот сегмент на човекот, а тоа е неговото здравје.

На крај да заклучам дека само здрава нација е успешна и просперитетна нација. За да биде таква и да се одбрани од ваквиот криминал кој го напаѓа здравјето на луѓето мора да се вклучи пред се државата, на начин што континуирано ќе ги усовршува своите човечки ресурси и материјално технички материјали, но и секој граѓанин и сите граѓани кои засега немаат баш високо ниво на свест за да се вклучат во кампања за едукација, околу оваа проблематика и да му помогнат на државата соработувајќи во борбата против овој вид на криминал.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Бошковски К - Медицинска етика и деонтологија кривично правна одговорност на лекарот. Скопје 2007
2. Владо Камбовски – Казнено право општ дел, Скопје 2016
3. Владо Камбовски – Коментар на кривичниот законик на република Македонија
4. Владо Камбовски - Меѓународно казнено право просветно дело Скопје
5. Владо Камбовски, Казнено право, посебен дел, IV дополнето издание, Просветно дело АД, Скопје, 2003
6. Државен завод за статистика на РСМ
7. Ѓ. Марјановић Македонско кривично право општ дел, седмо изменето и дополнително издание, Скопје 2006
8. Елена Иванова - Сузбивање на трговија со луѓе со посебен осврт со малолетни лица- магистарски труд Скопје, јануари 2011

9. Емилија Стошић – Неовлашчено држање опојних дрога – кривично правни аспект
10. Емир Чоровић - Мере безбедности обавезног лечења наркомана и обавезног лечења алкохоличара у судској пракси, оргинален научен труд м-р. правно економски факултет, државен универзитет Нови Пазар
11. Епидемиологија заразних болести- завод за јавно здравство вараждинске жупаније
12. Епидемиологија заразних болести- завод за јавно здравство Вараждинске Жупаније
13. Закон за заштита на населението од заразни болести
14. Закон за здравствена заштита
15. Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013
16. Кодекс на професионалните етички должности и права на здравствените работници со високо образование во областа на фармацијата
17. Кривичен закон на Босна и Херцеговина
18. Кривичен закон на Р. Хрватска
19. Кривичен законик на Босна и Херцеговина
20. Кривичен законик на Р. Србија
21. Кривичен законик на РСМ
22. Кривичен законик на Црна Гора
23. Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96).
24. Линда Јеремич дипломски труд Ријека 2020 Емергентна заразна болест модерног доба-ковид 19
25. Македонка Радулович – Здравјето како право, здравјето како обврска

26. Марсија Луис, Карол Тампаро, Академски печат 2010 - Медицинско право, етика и биоетика за здравствени професионалци
27. Миле Шикман – Кривично правна заштита здравља људи у вријеме пандемије Коронавируса
28. Мирза Тотич – Правно схватање намерне лекарске грешке
29. Мирјана Ђукић – Недозвољена производња, држање и стављање у промет опојних дрога као облик испољавања организационе криминалне делатности
30. М-р Благој Димовски Кривичното дело несовесно лекување на болни во македонското право
31. Надина Мујич, Непостапување по здравствени прописи во време на епидемија, Зеница, јуни 2011 година
32. Олга Кошевалиска вонреден проф. Д-р, доцент др. Елена Максимова, Штип 2020 - Меѓународно казнено право
33. Проф. Д-р Зоран Величкович – Профилакса заразних болести
34. Проф. Д-р. Недељко Станкович, доц. Д-р. Џенета Хаџич, доц. Д-р. Албина Фазлович Основе здравственог права академик Европски универзитет ‘‘Kallos” Тузла 2019
35. Проф. Д-р. Никола Тупанчевски, доц. Д-р. Александра Деановска-Трендафилова, м-р. Драгана Кипријановска Скопје 2012 - Медицинско казнено право
36. Сабахудин З. Цоковић Кривична дела злоупотребе опојних – докторска дисертација
37. Сабахудин Чокович, докторант – Омогучавање уживања опојних дрога
38. Сл.гласик РС бр. 34/2020
39. Сл.гласник РС бр. 31/2020 и 36/2020
40. Сл.гласник РС бр. 37/20/20

41. Службен весник на Република Северна Македонија
42. Татјана Д. Црњански – Развој и примена инструмента за процену учесталости и степена етичких питања која се јављају у фармацеутској пркси јавних апотека у Србији. Докторска дезертација
43. Томислав Недич – Казнено правни и медицински аспекти (не) дозвољеног узимања и пресаџивања делова људског тјела у Републици Хрватској
44. Устав на РСМ
45. Човековите права во здравствената заштита, прирачник за практичари Македонија, Скопје, мај 2010
46. Човековите права во здравствената заштита, прирачник за практичари Македонија, Скопје, мај 2010
47. http://fva.gov.mk/mk/publikacii-izmami-so-khrana-maslinovo-maslo
48. http://vlada.mk/
49. http://www.kg.ap.sud.rs/
50. http://www.ustavni.sud.rs/
51. http://www.vsrm.mk/
52. http://zdravstvo.gov.mk/
53. https://advokatbeograd.net/advokat-beograd/trgovina-drogom-advokat.html
54. https://fzo.org.mk/zakon-za-zemane-i-presaduvane-na-delovi-od-chovechkoto-telo-zaradi-lekuvane
55. https://jorm.gov.mk
56. https://mup.vladars.net/lat/index.php?vijest=10453&vrsta=
57. https://mvr.gov.mk/dneven-bilten/798
58.https://www.paragraf.rs/
59.https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_bezbednosti_hrane.html

60.https://www.slvesnik.com.mk/